## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Третото продолжение на Сто и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 септември 2005 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,50часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Слободан Најдовски**: Господа пратеници, продолжуваме со работа по Сто и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Зоран Крстевски, Игор Ивановски, Каролина Ристова, Цветанка Иванова, Благородна Мингова Крепиева, Цветанка Гашовска, Ана Андова, Ванчо Ѓорѓиев, Али Ахмети, Фазли Велиу, Рафис Алити, Семијал Хасани, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Слободан Чашуле и Љубчо Георгиевски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

За да утврдиме кворум да видиме прво колку има пристигнати пратеници кои се пријавени.

Ги молам службите нека проверат.

Во меѓувреме службите нека го утврдат и бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Можеме да продолжиме со работа по 19-та точка-Предлог на закон за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните.

Претресот по текстот на Предлогот на законот е заклучен.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник, гласале 60 пратеници, 59 гласале за, нема воздржани, 1 е против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат да заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака?

Кој е против, молам да крене рака? (Нема против)

Дали има некој воздржан? (Нема воздржан).

Молам да се утврди колку присуствуваат од пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Ги м олам пратениците од заедниците нека кренат рака?

На седницата присуствуваат 19 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Од нив за Предлогот на законот гласаа 17 пратеници, против нема и нема воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за референдум и други облици за непосредно изјаснување на граѓаните.

**Минуваме на точка 20 - Предлог за донесување на закон за извршување на санкциите.**

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собраниеот ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменик министерот за правда, господинот Субхи Јакупи.

Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници.

Реформата на пенитенцијарниот систем како дел од казнениот систем во Република Македонија започнува со Законот за извршувањето на санкциите и ја наметнува потребата од преземање на натамошни активности за унапредување на состојбите во оваа област.

Согледувањата за сегашното функционирање на пенитенцијарниот систем во Република Македонија со Предлог за донесување на законот за извршување на санкциите, користејќи ги и следејќи ги компаративните искуства и европските стандарди ги определуваат насоките за реформи во правец на:

1.Обезбедување услови за натамошно унапредување на извршување на санкциите во согласност со меѓународните документи во пенитенцијарниот систем.

2.Трансформација на статусот на Управата за извршување на санкции и на казнено-поправните установи како нејзини организациони единици и редефинирање на организационата поставеност на мрежата на казнено-поправните установи.

Со овој закон Управата за извршување на санкциите, како орган во состав на Министерството за правда добива својство на правно лице, додека трансформацијата на установите ќе се реализира во две фази.

Во однос на редефинирањето на организационата поставеност на мрежата на казнено-поправните установи, посебно внимание ќе се посвети на: прилагодување на функционирање на казнено-поправните установи во однос на обезбедувањето на потребните услови за извршување на подолготрајни казни од

сегашнит; формирање на уште една казнено-поправна установа од затворен тип и уште една казнено-поправна установа од полузатворен вид, заради растоварување на притворскиот и осуденичкиот капацитет.

Во овој Предлог на закон исто така е предвидено и законско дефинирање на статусот на тренинг центар со што се предвидува континуирана едукација на вработените во овие установи.

Понатаму се предвидува воведување на систем на извршување на алтернативните мерки, согласно меѓународните стандарди и измените во казненото законодавство. За таа цел се предвидува соработка со други државни органи преку профункционирање на одделението за извршување на алтернативни мерки, во состав на Управата за извршување на санкциите.

Во овој Предлог закон исто така е предвидено и востановување на судиите за извршување на санкции и нивната надлежност, со оценка дека се создаваат поголеми гаранции за заштита на правата на осудените лица.

Бидејки овој закон е во прво читање, мислиме дека со вашите ангажмани и вашите предлози ќе придонесат за подобрување на понатамошниот текст и добра соработка во овој дел. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине заменик министер.

Има збор пратеникот Бонева Силвана. Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Сосема на кратко ќе го кажам нашето видување за Предлогот за донесување на законот за извршување на санкциите.

Во секоја демократска држава, извршувањето на санкции, особено казната лишување од слобода е суштествено прашање на криминалната политика како дел од внатрешната политика која една современа демократска држава ја води. Поради ваквото значење на ова прашање, проблематиката на извршувањето на кривичните санкции, претставува предмет на интересирање не само на правните науки и институции на правниот систем кои посредно или непосредно се занимаваат со овој проблем, туку тоа е предмет на голем интерес и на многу други владини и невладини организации, професионални здруженија, меѓународни организации и комитети за човекови права.

Ваквиот голем интерес за оваа проблематика произлегува и од таму што врз основа на сознанијата за тоа како во една држава се извршуваат кривичните санкции, се стекнува слика и сознание за таа држава, колку истата пронашла и воспоставила соодветни средства за одбрана од криминалитетот, како општествено негативна појава која ги загрозува основните вредности на секое општество.

Што доенсе практицирањето на Законот за извршување на санкциите во изминатите 8 години од неговото донесување во 1997 година до денес.

Под силното влијание на меѓународните организации за заштита на човековите права, како и прифаќањето на западните концепти во поглед на извршувањето на кривичните санкции, се донесе Закон во кој целосно се настојуваше да се втемелат меѓународните стандарди во извршувањето на санкциите предвидени со минималните правила за постапување со осудени лица, пропишани од Обединетите нации и европските затворски правила, иако уште тогаш од страна на експертите беше укажувано дека ќе се појави расчекор во смисла на тоа на кое ниво се нашите вистински стандарди, она што се прифаќаше како законски прифатена норма на стандард.

За законодавецот битно беше да се добие позитивна оценка за намерите дека нашата држава има сериозни намери во текот на практицирањето на законот да ги постигне предвидените норми и стандарди, што беше и позитивно оценето од меѓународните експертизи што ги имаше тогашниот Предлог закон кој сега е во функција. Но, набргу потоа меѓународните организации и комитети започнаа да вршат силен притисок, предвидените стандарди за постапување, престој и третман на осудени лица во казнено-поправните установи, да се практикуваат согласно позитивните законски норми предвидени со Законот за извршување на санкции.

Изложена на притисок од домашната и од меѓународната јавност како и од бројните невладини организации, Владата донесе Програма за реконструкција, изградба и подобрување на условите за живеење во казнено-поправните установи во државата. Набргу потоа започна темелна реконструкција на еден дел од затвореното одделение на казнено-поправната установа "Идризово", започна изградба на амбуланта казнено-поправната установа "Идризово", преадаптација на простории за тренинг центар за затворскиот персонал во "Идризово", целосно се реновираше отвореното одделение во затворот "Скопје", започна изградба на ограден ѕид на затворот во Прилеп како и помали интервенции на сите други затвори во Републиката, со што започнаа да се создаваат услови за поефикасна реформа на затворскиот систем во државата кое пак од мисиите за проценка на меѓународните организации, беше оценето дека Владата сериозно создава претпоставки за реформи, па дури започнаа и да нудат проекти за поддрќка во делот на едукацијата на затворскиот персонал, подобрување на условите во затворските амбуланти и слично.

Со промената на валста во 2002 година, започнатите активности во казнено-поправните установи, во целост застанаа. Владата и Министерството за правда дадоа приоритет на решавање на кадровските промени во казнено-

поправните установи и тие промени до ден денес не се завршени.

Ако може да се најде некое политичко оправдување за промените во текот на 2002 година, никако не можеме да го сватиме интензитетот на промени на раководните структури во затворите, поготово кога веќе се работи за кадри на владеачката гарнитура. Така само во Управата за извршување на санкциите, казнено-поправната установа "Идризово" и затворот "Скопје", за последните три години направени се петнаесетина промени на директори и нивни заменици, а при тоа не се води сметка за стручноста на поставените раководни структури, ниту пак дали ги исполнуваат предвидените законски услови за раководење со казнено-поправните установи.

Исполнувајки барања на коалиционите партнери низ затворите во Република Македонија продефилираа редица докажани борци за човекови права од војната 2001 година, без да се води сметка за нивното образовно ниво, поранешно криминално поведение, а како баланс се поставуваат докажани кадри од полицијата кои немаат основни познавања и работа со осудени лица.

Иако меѓународните демократски институции стручно укажуваат на внимателно користење на кадри од полицијата за работа во казнено-поправните установи поради репресивната улога што ја има полицијата како орган. Бавејќи се исклучиво со кадровски промени Министерството за правда ги заборави започнатите реформи и состојби во казнено-поправните установи и во голема мера придонесе да се натрупаат проблеми кои сега тешко се решаваат, а започнатите реформи наместо во правилна насока, да се движат во обратен правец од она што веќе е зацртано. Секојдневните инциденти проследени во медиумите што се случуваат во нашите казнено-поправни установи, киднапирање на притворено лице од одделението за притвор, убиство со огнено оружје, бојкот на вработени поради мешање на влијателни луѓе во извршувањето на мерката притвор во затворот во Охрид, дуплирање на бројот на осудени лица кои се наоѓаат во бегство, укажуваат на хаосот што веќе е создаден. Владата без да направи сериозна анализа на состојбите и причините за истото повторно нуди решение со кадровски смени на раководните лица и на дел од персоналот. Експертите од поодамна укажуваат дека гломазни затворски системи веќе не се одржливи и дека е потребна класификација и категоризација на посебни и помали установи во кои ќе престојуваат осудените лица. Неодржлива е состојбата воспитно-поправниот дом да егзистира во рамките на казнено-поправната установа затвор Скопје повеќе од три години заради нерешени имотно-правни односи на државата со дервишката верска заедница во Тетово. Можеби навистина спорот е реален, иако нашите сознанија се дека верската заедница поседува само дел од дворот на воспитно-поправната установа, меѓутоа Владата и Министерството треба да укаже дека истите не се сопственици на објектите што се изградени со државни пари, па можеше во изминатите три години да го реши спорот, да понуди замена, или истото да го плати. Неодржливо е, а лошо е и за угледот на државата малолетна популација која издржува воспитна мерка да престојува во казнено-поправна установа помешана со возразна популација каде криминалната инфекција е присутна и меѓу возразните, а ќе се согласите камоли пак помеѓу лица во развој. Решавањето на проблемот со зависниците во казнено-поправните установи веќе е актуен проблем. Зголемениот број на оваа категорија осуденици и нивната концентрација во гломазните затворски системи, немањето можност за нивна физичка одвоеност од другата осуденичка популација неминовно создава неадекватни услови за третман како на нив самите, така и на останатите лица кои престојуваат во установата. Ограничените просторни услови на затворот во Охрид каде се извршува казната малолетнички затвор, немањето услови за класификација во рамките на установата, спротување, едукација и слободни активности оневозможува правилен третман на малолетните престапници што се создава лоша слика за стандардите во извршувањето на казната малолетнички затвор, како и на пенитенцијалниот систем на државата воопшто.

Повеќе од очигледно е дека Владата нема концепт за реформи и за конкретни решенија во делот на извршувањето на санкциите, замрена е и соработката со невладините и стручните здруженија кои со свои сугестии и анализи придонесуваат за креирање и унапредување на пенолошката теорија и пракса следејќи ги современите методи и форми на работа со затворската популација во светот. Пренатрупаноста во притворите и некои казено-поправни установи се повеќе се предмет на критика на меѓународните комитети и домашните институции кои се бават со заштита на човековите права и посебно со правата на притворените и осудените лица. Непотпирајќи се на статистичките показатели и немањето на анализи за состојбите во казнено-поправните установи Владата не може да ни понуди квалитетни законски решенија за санирање на состојбите, ниту пак тоа што ќе го понуди е со потраен век на употреба. И ова што ни го нуди Владата како нов законски проект во делот на извршувањето на санкциите доаѓа повеќе како изнудено решение поради измените на материјалниот закон отколку вистински реформски решенија од областа на извршување на санкциите, иако истото можело да помине и со измени и дополнувања на постоечкиот закон, дотолку повеќе што повеќе од 80% од текстот на законот останува ист. Се гледа дека Владата со носење на кобајаги нов закон сака да купи време, односно да создаде простор за манипулација дека еве, сега со новиот закон на кого исто така

му треба време за стапување на сила ќе се средат работите во делот на извршувањето на санкциите. Наша оценка е дека работите во извршувањето не функционираат токму поради непочитување на одредбите и на веќе постоечкиот закон. Министерството за правда и Управата за извршување на санкциите не успеваат да ги стават во функција утврдените одредби од Законот по кој веќе работат 8 години. Во последните три години во целост е занемарена улогата на Управата во вршењето на стручно-инструкторскиот надзор врз работата на казнено поправните установи како и надзорот од надлежниот суд за извршување. Непознато е дали воопшто има формирано државна комисија за вршење надзор врз работата во казнено-поправните установи. Нелогично е спомenатите надзорни органи да добиваат информации од медиумите па да реагираат на инцидентите што се случуваат се почесто во овие установи.

Кои цели треба да се постигнат фактички со донесување на новиот закон. Наметната е потребата да се внесе делот за извршувањето на алтернативните казни како новина во нашето законодавство, иако истите се усвоени уште пред една година законскиот текст за нивно извршување доаѓа со задоцнување од една година, а практичната примена ќе биде сигурно после уште една година од причина што надлежноста за извршувањето припаѓа во рамките на друго министерство, а Министерството за правда ја задржува својата надзорна улога. Секако воведувањето на алтернативните казни во нашето законодавство е потез за поздравување со кои ќе се избегне социјалното исклучување од заедницата на сторителите на полесни кривични дела, се врши хуманизација на казнените санкции, а секако и зајакнување во сузбивањето на криминалитетот. Секако со воведувањето на алтернативите во нашето законодавство Министерството за правда во соработка со другите министерства кои исто така се инволвирани во извршувањето на овој вид на казни ќе создаде претпоставки за нивно практицирање во најкраток можен рок, како и ќе создаде соодветна едукација на судиите, социјалните работници и другите професионални лица кои треба да го запишат алтернативниот систем на казнување и извршување. Понатаму, со законот се организира Управата за извршување на санкциите од орган во состав на Министерството за правда во посебен субјект со својство на правно лице кое треба во две фази да изврши реорганизација на затворската мрежа во државата, со тоа што ќе се формира уште една установа од затворен вид, една од полуотворен вид, како и дом, болница за лекување на болни. Во овој дел на цели кои треба да ги постигне законот однапред се гледа дека подготвувачите немаат идеја за вистинска реорганизција на затворската мрежа, или немаат доволно анализи што треба да се реорганизира и како тоа да се направи. За поздравување е трансформацијата на Управата за извршување на санкциите во самостоен субјект, дури истото требаше да се направи и порано со некоја измена, или дополнување на постоечкиот закон, а додека останатото што се нуди е базирано на паушални проценки без вистински осет за потребите. Предлагачот не нуди во овој дел ништо за олеснување и реорганизација на извршувањето на мерката притвор. Во изминативе неколку години на извршувањето на оваа мерка од страна на меѓународните организации како и домашната демократска јавност и институции за заштита на човековите права ставени се сериозни забелешки на извршувањето на мерката притвор, на должината на траењето на истата, условите за престој на притворените лица како и нехуманиот однос во извршувањето создаден од амбиенталните, или персоналните стандарди. Ова е сериозно прашање. Никаде во текстот на законот не го става како приоритет, иако државата собира негативни поени од неадекватното и нехумано извршување на оваа мерка. Деновиве по повод инцидентите во казнено-поправната установа Идризово и затворот Скопје на седница на Владата беа разгледувани информациите за состојбите во казнено-поправните установи и како интервентно од страна на премиерот и министерот за правда беше најавено дека Владата ќе донесе мерки за итно санирање на состојбите во казнено-поправните установи, со тоа што става на располагање дел од касарните на АРМ како итно прераспоредување на вишокот вработени околу 200 лица во казнено-поправните установи. Доколку истото не е од декларативна природа, Владата го има решено најтешкиот проблем со кадровските и материјалните услови за нова установа во која предлагаме да се издржува мерката притвор заради судење. Секако се работи за установа како новина во нашето извршување, но не е непозната за развиените пенитенцијални системи. Се работи за установа со максимална безбедност во која по завршување на истражните дејствија обвинетиот ќе биде сместен во пенална установа со многу похумани стандарди од класичниот притвор во која може да обавува одредени работни активности, да остварува контакти со потесното семејство согласно предвидените законски услови. Истовремено во таа установа се врши опсервација на личноста од стручен тим и по добивањето на правосилна судска одлука лицето се упатува на издржување на казна во соодветна установа. Овој модел на притвор поради судење овозможува достапност на обвинетиот до судските органи зависно од нивните потреби, а притворениот добива многу похуман престој. Истовремено судот е ослободен од притисокот на јавноста и на меѓународниоте институции дека долготрајноста на притворот онака како што функционира кај нас штетно се одразува врз психофизичкото здравје на обвинетиот. Со мала анализа доколку сака да направи министерството ќе увиди дека најмалку 300 лица ќе бидат извлечени од притворите и казнено-поправните установи каде обвинетите често пати заминуваат

со изнудена изјава пред правосилноста на пресудата. Од друга страна пеналниот третман поради нерешениот и дефинитивен статус на обвинетиот се одвива многу тешко, па индивидуалните и групни методи на превоспитување речиси немаат никаков ефект. Концентрацијата на целокупната популација за која претстојат, или се во тек судски постапки, стратегисти го решава и проблемот со вршењето на спровод на лицата до надлежниот суд. Се овозможува рационално искористување на возилата за спровод, а истовремено се добива стандард општо прифатен во сите демократски држави од Европската Унија. Ова го нафрлуваме како идеја до предлагачот сериозно да размисли, да направи сеопфатни анализи за статусот на ваквата популција во казнено-поправните установи и да ни понуди соодветно решение. Предлагачот сеуште смета дека е можно да егзистира единствената затворена казнено-поправна установа од општ вид во Идризово на начин како што постои веќе со децении. Таквите установи веќе одамна се минато во современите системи поради неможноста во истите да се врши адекватна класификација на осудените лица. Во категоризацијата на затворската мрежа нема ништо предвидено за сместување и третман на посебните групи на опасни осуденици, осудените на доживотен затвор, странските државјани кои по правило се издвојуваат од останатата популација. Во целите кои треба да се постигнат со донесувањето на новиот закон, а како обврска на Управата за извршување на санкциите е ставено дека истата ќе се грижи и за статусот и стандардот на вработените во казнено-поправните установи, како и за подобрување на условите во кои ги вршат работните обврски вработените. Тоа е сосема во ред. Меѓутоа, за остварување на истото потребно е да постојат законски претпоставки на кои активностите на Управата за извршување на санкциите ќе се повикуваат. Така на пример се пропушта можноста Секторот за обезбедување да се трансформира во затворска полиција, или пошироко во правосудна полиција како заедничка полиција на судските и затворските установи под управа на Министерството за правда, а притоа може да се обезбеди заедничка команда и флуктуација на персоналот, заедничка едукација, вооружување, обука и слично. Дотолку повеќе што и самиот член 29 во ставот 6 вели дека секој припадник на Секторот за обезбедување кога врши службено дејство има овластување на полицаец. Се пропушта и потребата со закон да се регулираат и низа други прашања кои го регулираат статусот на вработените кои произлегуваат од природата на работните задачи и ризикот со кој секојдневно се соочуваат како на пример право на задолжително осигурување од повреди и настанаста смрт при вршење на службени дејствија, правото на штрајк и утврдување на минимумот активности кои мора да се обавуваат за време на штрајкот и слични други работи. Понатаму се дефинира статусот на тренинг центарот за континуирана обука на затворскиот персонал како и обезбедување на услови за негово перманентно функционирање според меѓународните стандарди, обезбедување на кадровски и материјални услови за негово непречено функционирање. Континуираната обука на затворскиот персонал е стандард кој многу поодамна требаше да биде воведен во нашите казнено-поправни установи. Во текот на 2002 година со помош на ОБСЕ се одвиваше еден пилот проект во делот за едукација на затворскиот персонал при што се изготви програма за обука. По завршувањето на неколку курса, истото од непознати причини се прекина и сега скоро по тригодишна пауза се нуди како обврзувачки стандард. Сепак, и задоцнета идеја е корисна и е за поздравување. Понатаму, целосно и доследно имплементирање на меѓународните прописи во делот на човековите права изразени преку минималните правила за постапување со осудените лица пропишани од Обединетите Нации, како и европските затворски правила се содржани во законот. Меѓународните прописи за постапување со осудени лица пропишани од ОН, како и европските затворски правила егзистираат во нашето законодавство со децении. Проблемот е во нивното имплементирање во јасно изразени стандарди кои функционираат. Треба да се свати конечно дека декларативното прифаќање на меѓународните стандарди за постапување со осудени лица изразени само како намери на никого не му се потребни. Почитувањето и користењето на меѓународните акти и стандарди е потребно не само да се преставиме пред Европа и светот, туку пред се е потребно заради нас и нашето настојување да изградиме држава во која ќе владее правото, законитоста, легитимитетот во примената на репресијата која се темели врз демократија и хуманизам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Има збор пратеникот Каме Петров.

**Каме Петров:** Почитуван господин потпретседателе, почитуван господин заменик министер, почитувани колешки и колеги пратеници,

Мислам дека навистина не требаше некој да биде премногу, или особено далековид, а да не можеше да се претпостави, или да се предвиди дека во овој период во Собранието на Република Македонија ќе се достави, значи и до нас како пратеници ќе се добие Предлогот за донесувањето на законот за извршувањето на санкциите. Тоа всушност и ние пратениците во фазата на ланската расправа при донесувањето на опсежните измени и дополнувања на Кривичниот законик а потоа и по повод донесувањето на Законот за кривична постапка го загатнавме, односно го предвидовме. Во тие сесии и дебати, колку што јас се сеќавам ги посочивме и нужните промени и во Законот за прекршоци, на пример, посебно имајќи ги во предвид и согледувајќи ги измените на Законот за

општата управна постапка, односно донесувањето на новиот закон за општа управна постапка што се заедно денес се имплицира во уставни измени, односно потреба од донесување на неколку уставни амандмани од материјата, од оваа и од другите спорни области од уставните одредби.

Кон ова јас одлучив да направам еден ваков краток хронолошки вовед или подобро речено приод, зашто по повод на овој Предлог за донесување на закон за извршување на санкциите сакам да изнесам неколку мои лични начелни согледувања.

Прво, морам да изразам нескриено задоволство што во овој мандатен период како структура на пратеници донесовме или се во фаза на донесување бројни значајни материјални и процесни закони што имаат крупно и динамично значење и влијание на самиот правен поредок на државата или со тоа би сакал да кажам, не ќе бидам фер или не ќе бидеме сите заедно фер ако не оддадеме барем одредени скромни позитивни оценки на Министерството за правда кое предложи навистина клучни и висококвалитетни закони во оваа област.

Второ, иако на индиректен начин, тоа можеше да се заклучи од самото образложение на Предлогот за донесување на законот, мислам дека мора да се одвлече и можеби посебно да се потенцира дека овој закон за извршување на санкциите сепак претставува консеквенца на веќе донесените закони, а кои претходно и јас ги спомнав.

И трето, иако законот во суштина значи спроведување на репресивни законски мерки, односно извршување на санкции, позади што пак стои противправноста или подобро кажано свеста и противправноста, што се заедно претставува докажан елемент на вина, условно кажано, колку што тоа може да биде, од Предлогот за донесување на закон сепак може да се заклучи дека има доста либерални одредби кои одново се во духот на гаранциите на слободите и правата на човекот, а загарантирани со Уставот на Република Македонија.

Тоа според мене се основните или подобро кажано темелните одредници на кои почива овој Предлог за донесување на закон за извршувањето на санкциите. Мислам дека за текстот во целина за санкциите изречени во кривичните дела и прекршоците, односно како што законот ги дефинира санкции за казнивите дела.

Почитувани колешки и колеги пратеници, земав збор за содржината на овој закон зошто преку него се обидувам на одреден начин да ги заокружам сите мои досегашни дискусии изнесени во однос на предлозите за донесување на закон или предлог на закон од кривично-правната област, ако усеам во тоа. Точно е дека во изминатиот период по повод законите од кривично-правната материја сум се залагал или сум ги осудувал бројните примери на извршени а не откриени кривични дела, за кои наводно нема факти, за кои наводно нема докази за гонење на сторителот или сторителите, особено за гонење на сторителите на кривични дела по службена должност. Вистина е дека во повеќето досегашни расправи по повеќе спомнати закони сум изразувал исто така ставови за потребата од заострување на одредбите од кривично-правната област, посебно за оние одредби што се однесуваат на организираниот криминал, корупцијата, кривичните дела од финансиската сфера, што се заедно веќе е направено во веќе донесените опсежни измени на Кривичниот закон. Тоа сум го правел со именување на примери на сторители на стопански субјекти, односно на правни лица, бидејќи не сум се согласувал кога некој свесно и пресметливо, знаи особено свесно и пресметливо, ја нарушува воспоставената рамнотежа на општеството и со своето свесно и противуставно дејствие посегнал или засегнал по другите права, односно по правата на другите граѓани, чесни граѓани во државата. Тоа на крај, како што констатирав во една дискусија е однос на човекот и државата, сватен како противправен однос на поединецот и однос или право на државата кривично-правно да интервенира. Но сега кога после се државата веќе презела или изрекла мерки, се разбира преку државните и судските органи низ сите законски процедури, значи кога пресудата станала правосилна и извршна, во содржината на овој Предлог произлегува дека со извршувањето на осудителната одлука тука не престанува нејзината општествена грижа, мислам на државата. Обрнете внимание само на членот 28 од Предлогот за донесување на законот. Потоа на член 29,30, членот 31 и 32, кои мислам сега мора вистински да профункционираат. Забележете го членот 37, членот 40, членот 44, 47, 49,51, а потоа поврзете ги со членовите 71 и 83. Од овие одредби кои опфаќаат и значаен меѓусебен надзор, се разбира и субординиран надзор на надлежните органи, тешко дека би можело да се случи дека некои, како што беше спомнато, довчерашен управник или некој нов директор или друго службено лице во казнено-поправните или воспитно-поправните установи дека ќе може да има таков насилен или посебно агресивен однос како што често пати го гледаме во криминалистичките филмови.

Јас значи нагласив само некои понудени одредби во Предлогот за донесување на законот за извршување на санкциите, не ги цитирав. Не ги цитирав изрично бидејќи мислам дека барем ние луѓето од овој еснаф треба да се обидуваме да ги коментираме, а не да ги цитираме поедини или сите одредби од предлозите за донесување на закони. Барем во оваа прва фаза на нивното донесување. Но сепак, еве, ќе направам еден мал исклучок од овој мој став со цел да се доближам до една од главните поенти на закнонот кои особено ги поддржувам. Одново нема да го цитирам на пример членот 124, членовите 144, 145, 146 и другите, туку ќе се

задржам само на два става од членот 193. Имено, во ставот 1 од овој Предлог на закон се вели:

"Осуденото лице се подготвува за отпуштање од издржувањето на казната од почетокот на издржувањето на казната во установата", се мисли на сите казниви дела.

И вториот став од членот 193 вели:

"Активностите на подготвување за отпуштање на осуденото лице се интензивираат"-јас би размислил баш дали треба да стои зборот "интензивираат" во еден закон-"во последните три месеци пред истекот на казната, односно кога се претпоставува дека ќе биде пуштено во посебно одделение и со програма за пуштање на тоа лице".

Според тоа, врз основа на сето досега изнесено на сите начелни и посебни оценки во однос на Предлогот за донесување на законот мислам дека можам да констатирам дека ова општеств, преку Министерството за правда, преку Владата на Република Македонија, а утре и преку овој законодавен дом, настојува да направи мошне солиден чекор, мислам значителен чекор напред во остварувањето и применувањето на принципот на ресоцијализација на осудените лица докажано во потесна смисла на зборот. Или уште повеќе, само од овие досега наведени одредби на Предлогот на законот, може да се извлече заклучокот и во поширока смисла на зборот, а тоа е дека осетно, би рекол значително осетно зајакнува нормативната, социјално етичката компонента на вината на сторителот на кривични дела или на други казниви дела.

Понатаму, според мене, во Предлогот за донесување на законот солидно се следи основната суштина, би рекол како главна водилка суштината на материјалниот закон.Не зборувам значи од формален аспект, туку зборувам од материјален, да не речам од продлабочен аспект. Се прави разлика, се прави јасна разлика меѓу казната и алтернативните мерки, што е согласно Кривичниот закон и Законот за кривичната постапка. Разликата се состои во тоа што казната во овој закон правилно се третира како општествена морална осуда како јавно неодобрување со извршеното дело. Значи казната не може да се одлепи, таа не може да се оддели и од моралната одговорност на сторителот. Наспроти тоа, кај алтернативните мерки, освен можеби кај куќниот затвор и сл., видлива е назнаката дека тоа сепак се друг вид на санкции на општеството. Според содржината на Предлогот и третманот произлегува дека тие главно морално се неутрални, нивната функција е во превенцијата, нивната функција е во тоа што укажуваат на одредена опасност на сторителот, на опасност на сторителот и начини како таа опасност да се неутрализира.

На крајот на мојата дискусија, можеби најкратко, но мислам дека најбитно ќе биде спроведувањето на самиот закон. Најголеми заложби, најмногу волја, најмногу пари или најмногу реформи ако сакате, ќе треба да се направат и да се вложат во трансформацијата на казнено-поправните установи. Не велам дека до сега луѓето не беа на висината на задачите во казнено-поправните установи, но имав впечаток дека успешното спроведување на законот за извршувањето на санкциите најмногу ќе зависи од тие, можеби токму од тие најсложени активности во спроведувањето на законот.Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Петров.

Има збор пратеникот Јанаке Витановски.

Повелете господине Витановски.

**Јанаке Витановски:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници,

Еве, денес имаме еден закон кој претставува заокружување на една целина во однос на законите кои се од областа на правосудниот систем. Сметам дека имаме можност со вој закон, бидејќи прво ја поздравувам иницијативата на Владата и на Министерството што законот се донесува во редовна постапка, а не по скратена или итна постапка и сега овде сите пратеници имаме можност да дадеме свои забелешки и видувања во однос на текстот на овој закон.

Мислам дека критиките од страна на опозицијата се во ред, но не слушнав од колешката да даде некои свои видувања за подобрување на законот, туку бара Владата тоа да го направи и да понуди решение. Имаше некои решенија, но тоа се мал број, кои не ја менуваат суштината на законот. Затоа, сметам дека вака во оваа процедура имаме време и можност секој пратеник да даде свое видување за подобрување на текстот на законот. Потребата за донесување на овој закон се гледа и токму тоа е целта на оваа расправа, да ја утврдиме потребата за негово донесување. Сметам дека има потреба од негово донесување, од донесување нов закон со кој ќе се регулира извршувањето на санкциите. Тоа е неспорно и од страна на позицијата и опозицијата од причина што треба да го усогласиме нашето законодавство со европското законодавство, и од причина што пред некое време направивме измени и дополнувања на Кривичниот законик, односно донесовме нов Кривичен законик во кој предвидовме и нови кривични дела кои треба да се вградат и во овој закон. Сметам дека секоја пресуда донесена од страна на судот, односно секоја правосилна пресуда не би била пресуда и не би била за она за што е наменета доколку таа не се спроведе, односно доколку не се изврши таа санкција. Целта на извршувањето на казната затвор е оспособување на осуденото лице да се вклучи во општеството со најдобри изгледи за самостоен живот во согласност со законот. Значи по извршувањето на санкцијата, целта на извршувањето на санкцијата да делува превентивно врз сторителот на кривичното дело и да му се овозможи тој да се врати во нормален

живот како што би требало. Тоа е суштината на секое извршување на казната.

Веќе пред мене кажаа колегите Каме Петров и Силвана Бонева свои видувања, а јас ќе се осврнам на неколку делови од законот, на кои мислам дека и другите колеги ќе имаат свои забелешки. Ќе кажам нешто околу Управата за извршување на санкциите и за новата мрежа на казнено поправните установи, како една од новините. Новина во овој закон, што е за поздравување, е новиот орган, да кажам судија за извршување на сакнциите, а едно од побитните прашања беше положбата на осудените лица, што е регулирано во овој закон во Главата 10, за која мислам дека треба да се зборува малку повеќе. На крајот ќе се осврнам кратко на извршувањето на алтернативните мерки кои како кривични дела се дадени во новиот Кривичен законик.

По однос на надлежноста за извршување на санкциите, кој ќе ги извршува санкциите, мислам дека во законот е доро кажано, бидејќи порано надлежноста за извршување на санкциите не беше точно регулирана, а сега во законот е дадено кој ќе ги извршува санкциите. Порано имаше дилема дали судот кој што ја донел одлуката или местото на живеење на осудениот. Сега веќе во законот се кажува дека надлежноста за извршувањето на санкцијата е според местото на живеење на осудениот. Извршувањето на санкциите ќе го врши судија за извршување на санкции.

Новина во овој закон, што е добро, е што надлежноста на Управата за извршување на санкциите е дадена во една глава и сега Управата за извршување на санкциите ќе биде таа која ќе го организира, спроведува и врши надзорот за извршување на казната затвор, како и малолетничкиот затвор, алтернативните мерки, заштитен надзор изречен со одлука за условна осуда или условен отпуст. Мислам дека на овој начин на Управата и се дава една посебна надлежност, Управата ќе биде во состав на Министерството за правда но во својство на правно лице, а преку Управата ќе се обезбедуваат и сите финансиски средства за потребата на казнено поправните и воспитно поправните установи.

Новина во овој закон која ја поддржувам е околу поставената мрежа на казнено поправните и воспитно поправните установи. Ова до сега се регулираше со Уредба на Влада, основањето на казнено поправните домови, воспитно поправните установи беше со Уредба на Владата. Тоа сега се подигнува на едно повисоко ниво и сега се прави со закон.

Во новиот текст на законот во членот 18 односно 19 веќе имаме една нова поставеност и нова мрежа на казнено поправните и воспитно поправните установи. Имаше доста дилеми и на Комисијата и новинарите малку повеќе на ова прашање се надоврзаа, па беа радознали што ќе значи оваа нова мрежа и дали ќе се подобрат условите на осудениците во овие затвори. Но битна работа е тоа што сега оваа мрежа се прави преку закон, значи не со Уредба на Владата. Ново во воспоставувањето на новата мрежа е тоа што се однова казнено поправен дом во Штип и затвор во Куманово. Тоа се две нови установи во кои осудениците ќе ја издржуваат својата казна, а останатите веќе постојат и ги има. Мислам дека со проширувањето на овие објекти ќе биде подобро, односно ќе се намали бројот на осудениците, бидејќи беше дадена некоја информација од некои новинари дека на пример во Идризово, наместо капацитет 900 лица за издржување казна, имаме околу 1300 кои ја издржуваат таа казна. Сметам дека со проширувањето на мрежата овој проблем нема да го има, а има уште една работа. Имено, пред некој ден направивме измена и го донесовме Кривичниот законик, па сега по барање на осуденото лице за кривично дело, повисокиот суд може казната затвор до една година да ја преиначи во парична казна. Со ова ќе го намалиме притисокот врз овие казнено поправни домови, односно затвори или установи бројот на тие лица да биде намален. Со оваа измена на Кривичниот законик, односно со замена на изречената казна затвор до една година со парична казна ќе биде многу подобро и поефикасно, а од друга страна ќе има и финансиски средства за Буџетот, но тоа е друго прашање. Мислам дека со измената направивме добра работа во однос на бројот на осудените лица кои треба да ја издржуваат казната затвор, сега казната до една година може да биде заменета со парична казна.

Новина која сметаме дека е добра, а за што зборуваа и моите колеги, е и во врска со воспоставувањето судија за извршување на санкции. Ова како орган е добра работа и мислам дека сега судијата за извршување на санкциите ќе биде тој кој што ќе ја земе целокупната своја одговорност врз извршувањето на санкциите.

Сега, судијата за извршување на санкциите ќе биде тој кој ќе ја земе целокупната одговорност врз извршувањето на санкциите.Судијата за извршување на санкциите ќе биде во сите основни судови. Неговата главна работа ќе биде тоа што тој ќе одлучува сам околу упатување на извршување на казната затвор, одлагање и извршување на казната затвор, прекин на извршувањето на казната, како и некои други работи. Но, ова се трите, многу битни.

Има една работа за која што мислам дека треба да се преиспита и да се види во законот, а тоа е во неговата надлежност на замена на парничната казна со закон. Овој пат, како што зборува претходно, имавме донесено Закон со кој што казната затвор се преименува во парична казна и тоа го прави повисокиот суд. Сега, на судијата за извршување на санкции му се дава можност и право да ја замени паричната казна со казна затвор. Тука треба малку подобро да се образложи во законот како тоа би било изводливо на терен, да се направи таа работа,

односно паричната казна да биде заменете со закон.

Тука треба да се разработи законот малку повеќе.

Би се осврнал малку на она за што зборуваше колешката околу положбата на осудените лица. Вака, како што е направено во овој Предлог на закон, околу положбата на осудените лица, се кажува за многуб работи. Во овој закон има доста членови. Почнувајќи од класификација на осудените лица, сместување на осудените лица, облеката, личната хигиена , одморот, отсуството итн, и исхраната, во Законот е дадено извонредно. Ја поздравувам барем оваа Глава во однос на престојот, односно положбата на осудените лица. Но барам и мислам дека за ова што е напишано во Законот, треба да се обезбедат доволни финансиски средства за да можат овие предвидени услуги во оваа Глава за положбата на осудените лица, да биде така и на терен. Односно, за имплементација на овој закон ќе требаат финансиски средства што треба да се обезбедат од Буџетот на Република Македонија. Односно преку Управата за извршување на санкции, бидејќи таа ќе ги финансира овие работи.

За да не одземам многу време, ќе се осврнам уште на две работи, а тоа е извршување на алтернативните мерки.

Имам една забелешка околу органите за извршување на алтернативните мерки. Во членот 226, став 2 вели:"Алтернативните мерки ги извршува одделението за извршување на оперативните мерки во надлежниот Центар за социјални работи, според живеалиштето, односно престојувалиштето на осуденото лице". Центарот за социјални работи треба да биде тој кој ќе ги извршува овие алтернативни мерки. Мислам дека треба да постои посебна служба или посебен орган, а не да биде тоа Центарот за социјални работ.

Ако е проблем финансискиот аспект, тогаш нека се почне на овој начин, но мислам дека за исвршување на овие алтернативни мерки треба да има посебна служба, а да не биде тоа Центарот за социјални работи. Знам дека таму има стручни лица, екипирани, но мислам дека кога ќе има посебна служба за ова, ќе биде подобро во однос на извршување на овие алтернативни мерки.

Во однос на новата казна куќен затвор, овде има дилема, во Предлогот на закон не е добро разработена целокупната постапка како тоа во пракса ќе биде извршувањето на куќниот затвор. Има овде одредби, се определува лица што ќе го врши надзорот во извршувањето, па ако не се извршува добро да се побара помош од полицијата, а да се опомене, па на крајот, ако не се извршува оваа санкција, да се преиначи во затвор.

Или, исто така, една од моите забелешки во однос на извршувањето на санкциите на правните лица, тоа е ново кривично дело предвидено со Кривичниот законик, а сметам дека правните лица, за нив не е добро разработена материјата во Законот освен тоа дека постапката за наплата на парична казна на правни лица ќе се врши по службена должност што судот изрекол парична казна и тоа ќе оди преку банка и сметка. Но, мислам дека треба да се разработат овие одредби, бидејќи е ова нешто ново-извршување на казна кон правни лица. Бидејќи е новина треба да се разработи подобро.

Да не ви одземам многу време мислам дека законот е извонредно квалитетен и добро е што Владата го предлага да оди во редовна постапка. Ова е усогласување со европското законодавство, со Кривичниот законик и му давам целосна поддршка. Ќе гласам за потребата од донесување на овој закон, а би сакал и колегите, бидејќи сега е времето да се дадат забелешките по овој закон за да имаме квалитетен закон што ќе биде и те како добар за извршување на санкциите, со тоа што да обезбедиме услови во тие установи за осудeнитеците кои по завршувањето на нивната казна треба да се вратат во нормалниот живот.

Благодарам потпретпретседателе.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Витановски.

Има збор пратеникот Караџоски Жарко.

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван потпретседателе, почитуван претставник на Владата, колеги пратеници,

Навистина, може да се каже дека Собранието на Република Македонија еве, во континуитет оваа година особено се зафати со она што може да се нарече реформа во правосудниот систем, со донесување нови закони, измени на одредени закони, почнавме со уставните амандмани се со цел да дојдеме до судски или правосуден систем што ќе биде компатибилен на ЕУ. Можеби е тоа еден од приоритетите што Република Македонија треба да ја принуди да започне да се движи со малку позабрзани чекори кон ЕУ.

Ако претходно направивме нови закони во кривичната материја, како Кривичниот закони, за кривичната постапка, потоа и во граѓанското право како Законот за процесната односно парничната постапка, па потоа Законот за извршување исто така, логично и аналогно на тоа се наметнува потребата дека мора да се донесе и нов закон што го гледаме денеска , а тиа е Предлогот на закон за извршување на санкциите.

Од тој аспект , потребата од носење на овој закон не е новина, дека Република Македонија немала ваков закон, значи не е правниот систем на Република Македонија да се дополни со норми што не постоеле, туку целта е вградување на нови норми, односно со измени да се дојде до она што е веќе започнато.

Причината поради што го гледаме овој закон денеска можеме да го гледаме низ две фази

илил две главни причини. Првата е таа што самиот пенитенцијарен систем е една динамична категорија. Од тој аспект, како динамична категорија трпи постојани измени, новини што треба постојано  да се следат од страна на законодавецот и мора да се регулираат. Заради сите оние измени што настанаа во Кривичниот законик, особено кривичната одговорност кај правните лица, кај алтернативните мерки, па самиот комплекс на кривичните санкции што ги дава овој закон, неминовно наметна потреба дека за да се тие извршуваат, односно спроведуваат така како што Кривичниот закон предвидел, мора да имаме нов закон за кривични санкции, односно за новно извршување  за да биде во согласност со токму тој закон, нормално тоа што Кривичнниот законик го предвидува, се спроведе во дело.

Сигурно дека Владата размислувала дали треба да се оди со нов закон или да направиме некакви измени и дополнувања, но јас сум секогаш подржувач на она што значи кога се нудат одредени измени, а се новина, подобро да се регулира со нов текст, како што сега се прави, одколку да се менуваат и да бидат некои закони недоволно јасни. Ова би било првата фаза или прв дел каде што овој закон во најголем дел, можеби не најголем дел, но во огромен дел прави свои измени, новини и нуди одредени решенија.

Самото тоа  што пенитенцијарниот систем, покрај што е динамичен е многу чувствителе, а чувствителен е од аспект на тоа што тука се работи за правата на осудените лица. Не момже и не треба да заборавиме дека и осудените лица се граѓани и дека кога се на издржување на казна затвор или сето она друго што го предвидува Кривичниот законик, спрема нив треба да се постапува според одредени норми.

Тука е еден огромен дел во законот, ги регулира тие права што и до сега беа регулирани. Можеби тука или таму има нешто помало и поприменливо, кога станува збор за европското законодавство.

Овој текст не е текст што би предизвикал една добра расправа, што според мене текстот на законот заслужува, ако овој закон не нуди нови решенија. Секогаш кога еден закон нуди нови решенија, ние, како законодавен дом треба тука да проразговараме , особено ние кои припаѓаме на оваа фела,.да видиме овие решенија што ги нуди законодавецот, дали се добри и одат во добра насока или не. Тоа би произлегло од нашата дискусија, со оглед дека ова е прва фаза. А, дали се добри или не, ќе покаже самото време кога треба да се имплементира.

Морам да признам дека со овој закон се следи линијата на претходните од областа на кривичното законодавство, за нив сум се произнел дека се добри закони, дека имаат добар текст, ќе го кажам истото и сега дека во целина, овој закон има добри решенија. Морам да признам, дека, дури и текстот, иако е во прва фаза, со неколкуте, не многу, забелешки што ги искажавме на Законодавно-правната комисија мислам дека во голем дел е добар текст и мислам дека ќе има  примена.

Тоа што би сакал да потенцирам е дека во делот на органите за извршување на санкциите, со тоа што Управата за извршување на санкции сега добива малку поспецифична положба, по самостојна положба, регулирана е таа организација како треба сета да се одвива, мислам дека е добро тоа решение да се издвои од она што значи судски орган.

Тоа што има својство на правно лице и начин на кој се раководи, во секој случај би требало да ги надмине сите проблеми што за чал, особено оваа година, беа присутни во јавноста во делот на начинот на организацијата и она што значеше положба на казнените домови, односно местата каде се извршува ссанкцијата затвор.

На овој начин и решението што, од друга страна, во овој закон се нуди, а има свое поглавје, се зборува за надзор , за управата, но и за КПД и сите други, исто така треба да придонесе во пракса да не продолжи она што сега се случуваше. Сите добро знаеме, јавноста е запозната дека  во последнава година во КПД ни се случуваше една работа што не треба воопшто да се случува. Тоа е бекство од затвор, убиствата што таму се случуваат, состојбата со трговија со дрога и наркотични средства, сето она што апсолутно не смее да биде присутно во тие институции. Затоа што ако основната цел е ресоцијализација  на осудените лица на овој начин, со слаба политика во смисла на КПД, ние таму нема да постигнеме ништо од таа ресоцијализација. Заради тоа сум сигурен, односно убеден дека токму овој закон прави еден обид, дава некакви решенија со што мора да го издигне нивото и на контролата, па и состојбата од организационата псотавеност, организациониот карактер, за да, она што до сега го кажував, не се случува и во иднина. Дали тоа ќе биде така, ќе каже времето.

Самата организација, тоа што овде ни го нуди законот не може да го регулира сето она што навистина го имаме како проблем. Не можеме со закон да ја подобриме материјалната состојба во КПД, во воспитно поправните домови, во затворите, затоа што навистина таму состојбата е катастрофална.

Ако го прочитате законот, со сите регалутави што ги дава во правата на осудени лица, тоа што значи се  што на едно осудено лице му следува, во какви услови треба да ја издржува казната затвор, со каква храна треба да биде хранет итн, да не ги набројувам сите работи овде  е регулатива што ќе си замислиме дека навистина добро звучи кога е во закон, а во примена буквално никаде го нема. Дури се поставува прашањето и да сакаме да го регулираме како што е регулирано, се поставува прашањето каде ќе го примениме, во кои институции?

На сите ни е добро позната состојбата во КПД Идризово, за што години наназад се зборува од

ден на ден се полошо и полошо. Одтука, не случајно ќе се постави прашањето дали овој закон, со ваква регулатива може да се применува, особено кога станува збор за правата на осудените лица. Дали може кога условиуте таму се мизерни, да не речам. И, тоа се повторува секоја година.

Република Македонија, преку својот буџет што го усвојува секоја година предвидува одреден број средства за подобрување на состојбата во КПД. За жал на тоа поле е многу малку направено и заради тоа не само што ќе имаме злоупотреба, односно нарушување на оние одредби што зборуваат за правата на осудените лица, туку ќе имаме проблеми што можат да ни се повторуваат, а тоа се бегствата, а тоа е она што значи спротивно на целта на ресоцијализацијата.

Во делот на мрежата на КП и ВП установи, што овој закон ги нуди, очигледно е дека има измени. Покрај КП Идризово сега се додава и КП во Штип, што очигледно зборува дека постоењето само на еден КПД во денешни услови во Република Македонија е малку. Очигледно треба поголем простор да ги сместиме сите оние кои се огрешиле од законот, така што неминовно беше потребно отворање на нова КПУ во Штип, односно КПД и покрај постоење на третиот таков во Струга, но тој е од отворен вид.

Јасно е се, не само овој закон, дека криминалитето во Република Македонија е зголемен, бројот на осудените лица се зголемува што е последица на животот што модерното време го носи, па да не бидат збиени затворениците во такви услови во какви што беа до сега, се нови КПД.

Во овој закон не е внесено, а преддлагачот би требало да размисли, бидејќи во меѓувреме донесовме еден Закон, казната затвор може да се замени со парична казна, што според мене е оправдана мерка, особено имајќи ги предвид состојбите со бројот на извршители на кривични дела и дека целта на казнувањето не се постигнува особено не со мали казни затвор, туку може да се постигне и со многу други средства, а да се ослободи и растовари сето она што значи товар на буџетот на Република Македонија но и во овие установи, во овој закон треба да се додадат решенија каде што се предвидува, како што е предвидено во членот 36 да судијата за извршување на санкции, како што може да ја замени паричната казна со затвор, да биде тоа и обратно, нормално кога станува збор за извршување на санкција.

И не само овој член, веројатно ќе има тука и други членови каде што ќе мора овој закон да се вклопи и во ова. Затоа е прва фаза. Најверојатно во втората тоа ќе го имаме.

Понатаму, не би сакал сега да ги повторувам колегите, иако и моите забелешки се однесуваат на она што и колегата Витановски го зборуваше во делот на извршувањето на алтернативните мерки, оние забелешки што ги искажа, тука стојат. Значи, јас се приклучувам кон тие забелешки, да не ги повторувам, најверојатно предлагачот ги сослуша и ќе ги има предвид и како мој став.

Би сакал да пофалам една одредба, а тоа е во членот 83, каде што сега како знатна навина се додава и надвор од страна на Државната комисија во извршување на санкциите, кое што сметам дека е апсолутно, потребно решение и мислам дека ова досега и недостасуваше во системот на извршувањето на санкциите во насока на она што го зборував во делот на поголема контрола а со тоа да се остварат и поголеми права.

Значи, се на се, законот навистина, има доста членови, што и треба да ги има, сместени во една комплетна материја, се она што мора да го опфаќа овој закон. Тука и дисциплинските казни, кои што најверојатно допрва треба да бидат постро применувани и се со цел, да дојдеме навистина до една положба и состојба за која што и овој дел од законската материја, која што значи извршување на санкциите, ќе биде правилно регулирана, сепак, да имаме верба во правниот систем, но и да биде компактабилни, односно да бидеме во согласност со Европското законодавство, но не само напишано на хартија, туку и онака како треба да се спроведува. Јас се надевам дека Владата ќе го земе предвид се она што овдека го зборувавме, но ќе го земе предвид и она што во последно време се случуваше, во иднина да не се случува и да го подобриме и тој дел на правниот систем и да го заокружиме во согласност со она сето што значи реформа на правниот систем.

Од тие причини, почитувани колеги, почитуван претседателе, претставник на Владата, јас лично, а и Пратеничката група на ВМРО Народна ќе даде поддршка на овој закон и се надевам дека во втората фаза ќе го добиеме оној конечен текст, за кој што може да кажеме дека овој закон да стапи на сила и во иднина да очекуваме подобри резултати. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господинте Караџоски.

Има збор пратеникот Зоран Томиќ. Повелете господине Томиќ.

**Зоран Томиќ:** Благодарам претседателе. Почитуван претседателе, почитуван заменик министре, почитувани колеги,

Во духот на сите размислувања што беа тука истакнати од моите колеги и од позиција и од опозиција и јас како и сите од Пратеничката група на СДСМ, објективно го делиме мислењето, дека станува збор за извонредно квалитетен текст на Предлогот за донесување на закон за извршување на санкциите. И, за да не се повторувам, а се е во интерес и на времето и на дискусиите, веднаш ќе преминам на она што дел го истакнав по комисиите. Меѓутоа, добро е претставникот на Владата тука да го слушне и да го разгледа текстот.

Бидејќи кажав дека ќе бидам краток, јас ќе започнам со конкретните мои забелешки.

Во поглед на членот 8 дека работите на извршување на санкциите се во надлежност на Управата за извршување на санкциите, е една од побитните новини што беше кажана од моите колеги, меѓутоа, тоа никој не го спомна дека за прв Управата за извршување на санкциите станува правно лице. Што тоа значи? Сите знаеме меѓутоа, одговорностите и сето она што значи од упатување, издржување, превоспитување, до отпуштање, сега значи комплетно одговорноста поминува на Управата за извршување на кривичните санкции, што досега не беше случај. За тоа, слушнав и од моите колеги, поради некои случувања, што се случуваат во последно време во нашите казнено поправни установи, се критикува Владата, Министерството итн. Сакам да кажам дека треба да се разграничат надлежностите, кој за што одговара и кој во делокруг на својата работа ги поставува работите. Тоа е една работа. Тоа е добро опишано од членот 14 дека Управата за извршување на санкциите го организира, спроведува и врши надзор за извршувањето итн. Со други зборови, веќе се добива на тежина и на квалитет.

Членот 84 овде беше спомнат и тоа е една битна новина од поголемите, дека надлежен орган за превземање на потребни дејствија, заради извршување на казна затвор е судијата за извршување на санкциите, според местото на живеалиштето, односно претстојалиштето на осуденото лице.

Јa молам Владата и предлагачот добро да размисли дали е ова добра одредба.

Имено, за што станува збор? Навистина, читајќи го текстот како е поставен во став 1, без она 2, 3 и 4, ќе се дојде, ќе речеме до економичност и ефикасност во извршување на санкциите. Меѓутоа, во практиката наидуваме на големи проблеми, бидејќи основниот суд кој до сега беше во принцип првостепен суд, да кажеме за извршување на санкцијата, ќе се најде во една подредена положба, списите од предметот едноставно, да ги прекрати до надлежност на некој друг суд, од некоја друга општина. Притоа, може да дојде до вонредни правни лекови, до губење на време, до други непредвидени околности. Мој предлог е да остане постоечката одредба. Значи првостепениот суд да биде надлежен за извршување на санкциите. Добро е што е предвидено во став 2, Владата односно Министерството го имале предвид, живеалиштетот, односно престојалиштето на осуденото лице ако е непознато, надлежен за упатување на осудено лице за извршување на казна затвор е судот што ја донел првостепената пресуда и во тој дел се разликуваме со колегата Јанаќе Витановски. Лично сметам од практични причини дека е многу подобро првостепениот суд што ја донел одлуката и судијата извршител, новината во овој закон, тој да биде надлежен и одговорен за извршување на таквата санкција.

За членот 90 јас ќе дадам една забелешка. Јас го замолив и повереникот на седницата на нашата комисија да обрне внимание на членот 90, став 1 алинеја или точка 7, кога станува збор за осудена жена чие дете е помало од една година, или која е бремена и за породување не и остануваат повеќе од три месеци. Практично има многу проблеми со одлагање на извршување на казната затвор, бидејќи често пати се случува, или жената да биде бремена во текот на издржувањето на казната, а тоа подоцна да се открие, или пак поради малата возраст на детето, што овде се предвидува до една година возраст на малолетно дете, жената - мајка која е осудена за одредено кривично дело и е испратена со упатен акт на издржување на казна затвор, едноставно, поради возраста на детето, да не може да ја издржи предвидената казна, или настануваат други проблеми, па после треба да настане прекин на издржување на казната. Лично сметам барем рокот да се продолжи до 2 години, или да се побара некоја алтернатива. Инаку, самата одредба она што го предлага Министерството е квалитетно. Значи се отишло во размислувањето во таа насока, единствено останува значи да се допрецизира. Новина, помеѓу другото, помеѓу правата кои се нудат на осудените лица, овде не стана збор. Сакам да истакнам членот 144 е за секое поздравување дека на осуденото лице може да му се дозволи телефонски разговор, по барање на семејството. Телефонскиот разговор на осуденото лице ќе му се дозволи ако е потребно на осуденото лице нешто итно да му се соопшти. И она што особено станува битно и што навистина одиме по европски терк телефонскиот разговор установа од затворен вид, може да се врши со присуство на службено лице. Значи може и не мора. Постојат сепак одредени семејни, економски, или не знам какви ситуации, каде што и покрај тоа што осуденото лице се наоѓа во затвор има потреба за некоја интима и за контакт со своето потесно или пошироко семејство.

Конечно ќе завршам со две дилеми. Едната ја кажав на Законодавно-правната комисија. Станува збор за членот 212, а тоа е извршувањето на паричната казна, како алтернативна казна, дека постапката за наплата на парична казна на физички лица по службена должност, ја спроведува судот што ја изрекол паричната казна во прв степен. Го молам Министерството за правда и Владата да ја спореди оваа одредба со законот за извршувањето во 2006 година. Во 2006 година ќе имаме извршители и нели е подобро во рамките на извршувањето на паричната казна, наместо да го оптоваруваме судот, таквата дејност и така е предвидена во законот за извршување, да ја оставиме на извршителите. Тоа е еден мој предлог.

Конечно ќе завршам со една моја дилема. Законот е прекрасен, одлично изработен, сите забелешки од колегите се конструктивни и она што е добро сметам дека Владата ќе го земе предвид, меѓутоа, единствена дилема кај мене е што во овој закон не е предвидено нешто битно, а

тоа е дали осудено лице може да учествува во изборен процес. Со ова прашање се сретнавме на последните избори за градоначалник во Шуто Оризари. Видовме дека лице кое е осудено, меѓутоа, пресудата не била правосилна се избира за градоначалник, потоа пресудата станува правосилна, лицето се упатува на извршување казна затвор, а се спроведуваат и нови избори.

Значи, се оптоварува државата, се поведува уште една кампања. Се се тоа средства. Сакам да кажам добро е Министерството да размисли во поглед на овој дел, бидејќи законот повторувам навистина е ретко квалитетен и нека се вгради една ваква одредба, без да се мешаме во изборното законодавство, меѓутоа, чисто да се предвиди една ваква одредба.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Томиќ.

Повелете господине Манев, имате збор.

**Ефтим Манев:** Благодарам претседателе.

Почитуван претставник на Влада, почитувани колеги пратеници,

Како што десега пратениците се изјаснија за овој Предлог закон, исто така јас би сакал да кажам дека има потреба од донесување на еден ваков закон, кој што подетално, поопширно ја опфаќа целокупната политика со казнетите лица и нивното извршување на казните, како установите за извршување на казните, во целина, е далеку поквалитетен и поопфатен од досегашниот закон.

Јас не би сакал ништо да повторам од тоа што го кажаа колегите, бидејќи овој закон има прво читање и секој е корисно да придонесе во неговото надградување, доколку таквото размислување го прифати предлагачот од Владата.

Од тие причини, јас би се задржал само на еден сегмент, кој што сметам дека има место да се поразмисли поинаку, а тоа е главата каде што зборува за работа на осудени лица, членот 114 па надолу.

Сметам дека самиот наслов е не сосема соодветен, бидејќи осудени лица можат да бидат на повеќе начини осудени, што нема ни потреба да се зборува за таквите осудени лица. Можеби е осудено лице на парична казна. Од тие причини, тој наслов треба да стои за осудени лица кои се упатуваат на издржување на казна затвор. Тоа е една замерка која што сметам дека предлагачот ќе ја има предвид. Исто така, веднаш би поминал на членот 114 каде што ја регулира работата и таму зборува дека осуденото лице работи соодветно на своите психички и физички способности утврдени од страна на лекар.

Неспоред факт дека и досега беше така за извршување на санкциите, па и другите слични закони кои што ја регулираат оваа материја, јас малку поинаку би размислил, бидејќи правото на работа е право на секој човек, а при изрекување на пресудите, поготово на делата на кои се изрекуваат казни затвор, се изрекува казна затвор на одредени денови, месеци и години, а таму нема казна за обавезна работа, што укажува дека работата е негово право. Овде стои дека како да е облигаторна работата. Не многу јасно, но така стои.

Мислам дека, бидејќи во ниеден друг закон, односно во Кривичниот закон не е регулирано дека осуденото лице за казна затвор е должно да работи работи кои ќе му бидат дадени е способно да ги извршува во установите каде што ќе ја издржува казната, тоа го нема досега и треба да стои дека има право на работа, ако побара. Ако не побара, не знам дали може да биде натеран да работи. За тоа сметам дека предлагачот нека поразмисли за оваа одредба, бидејќи ова што е наведено е земено од досегашните закони. Уставот нешто поинаку предвидува за работата. Мислам дека во тој дел има место да се размисли. Дали треба да стои уште нешто дека лицето осудено на казна затвор за време на издржување на казната има право или може да работи. Доколку не сака, не знам. Инаку, треба да се интервенира во друг закон. Тоа е мојата забелешка за која што треба да размисли предлагачот. Потоа, во истите одредби каде што е регулирано сето ова како институт на затвореното лице по однос на извршување на работа, дека работната недела му трае 40 часа, исто како во Законот за работни односи. Може да работи два часа повеќе во некои случаи. Мислам дека сето тоа треба да биде со една реченица, работата си ја обавува согласно Законот за работни односи. Таму е се регулирано и не треба да се дефинира уште еднаш, да се прави тафтологија. Од едно пропишано право ако веќе утврдиме како тој ќе ја обавува работата, доброволно или присилно, што не може присилно, туку треба доброволно. Потоа во членот 117, треба повторно да размисли предлагачот, каде што тоа и досега го имаше во досегашните закони за извршување на казната. На секој затвореник знаеме дека при отпуштањето му се даваше некој паричен надоместок и доаѓаа до некоја штедна книшка со некој износ. Сега истото е превземено и во овој закон. Во членот 117, осудените лица имаат право на надоместок за работа. Кога ќе се навратиме на целата работа, ако биде работата доброволно, присилно не може да биде по ниеден основ. Треба да се менува Кривичниот законик, покрај казната затвор да се изрече и мерка присилна работа, согласно Законот за работни односи да го усогласиме. Но бидејќи тоа го немаме, треба да стои доброволно, бидејќи полесно ќе им минува времено на затворениците. Сега, дали треба да е надоместок и зошто надоместок. Ако остварува тој затвореник парични средства од неговата работа, мое размислување е нека има и плата, па нека ги покрие и придонесите и давачките. Едноставно, човек кој ќе се врати утре од затвор, поготово лица кои што сториле потешко кривично дело и кои што се осудени на повеќе години, веројатно

тој тешко би се вклопил во процесот на работата и ако некој на постари години го сторил тоа, ќе остане на крајот социјален случај, или потенцијален повторник на извршување на одредено кривично дело.

Од тие причини сметам дека за подобро враќања на тие осуденици, или сторители на било какви кривични дела, ако сакаме и тоа е целта на извршување на казните и самата цел на политиката на казнувањето е да се ресоцијализира извршителот на таквото кривично дело, сметам дека и во тој дел треба да се поразмисли, одредена категорија на затвореници, оние кои што се на подолго издржување, дали од 6 месеци повисоки казни, сепак наместо надоместоци, тие да примаат плата и да бидат пензиски осигурани.

Тоа ќе придонесе многу поверодостојно нивното враќање во нормален живот да сакаат да продолжат во еден реален, праведен колосек во животот отколку да станат идни повторници на одредени кривични дела.

Сметам дека предлагачот нека направи споредба со други закони, а исто така паричниот надоместок е некоја непотребна сатисфакција што нема да има голем ефект отколку да се покриваат неговите придонеси за пензиско осигурување кое е од битно значење за повраќање на истиот. Сметам дека ќе биде по ресоцијализиран на таков начин отколку кога ќе се врати да нема перспектива во својата иднина.

Во однос на установите сакам да укажам, дали тоа ќе го прават во плановите за издржување на казна во вкупните редови, но би сакал да стои во Законот дека сепак во затворите со лица кои се извршители на потешки кривични дела да има посебни одделенија  и да не бидат мешани сите затвореници од било која област на сторени кривични дела.

Свесни сме дека во нашите затвори лица осудени за кривично дело производстов, пуштање во промет на опојни дроги дека истите и во затворите носат дрога, таму ја продаваат на другите затвореници кои стануваат зависници на дрога, па дури стануваат препродавачи кога ќе се вратат. За такви потешки кривични дела мислам дека треба да бидат издвоени како посебен вид на сторители на кривични дела како обиства, силувања, недозволена трговија со опојни дроги и др. Мора да има посебни одделенија односно простории да не се мешаат со другите затвореници и наместо да се ресоцијализираат затворениците се враќаат со поголемо искуство во слободнинот живот да прават кривични дела кои не ги правеле до сега.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Манев.

Повелете господине Јашари имате збор.

**Аднан Јашари:** Благодарам господине претседателе,

Сакав и јас да се придружам на колегите пратеници кои дискутираа во врска со овој предлог заради тоа што оценувам дека и овој предлог е во функција на зголемување на ефикасноста на правниот систем. Ова го велам од проста причина што ова е еден закон кој директно е поврзан со неколку други закони кои се изгласани овде од овој Парламент, закони кои имаат за цел реформа на правниот систем и систем кој е поврзан со кривичната сфера.

Сите знаеме дека пред некое време изгласавме два значајни закони од оваа сфера како што е Кривичниот законик и Законот за кривична постапка. Како што беше кажано од претходните говорници се предвидуваат нови санкции како што беа алтернативните и санкции кон субјектите односно правните лица.

Заради хармонизирање на овој закон предлагачот предлага, меѓу другото, хармонизирање со овие новини и овие измени. По мене, она што е предложено во овој закон или она што е ново предложено во овој закон е во врска со измените во правец на нов статус на Дирекцијата за егзекуција на санкциите и второ, можноста во иднина да се предвиди еден посебен судија кој ќе се бави со извршување на санкциите.

Според она што е предложено Дирекцијата за извршување на санкциите така како што е предвидена во второто поглавије од овој текст добива статус на независен или статус кој има за обврска да организира, реализира и мониторира извршувањата на одредени пресуди во Затворот, алтернативни мерки и други едукативни мерки.

Имам една забелешка во врска со ова што го реков. Тоа е во врска со членот 15 алинеја 4 каде е предвидено за директор на оваа институција може да биде именувано лице кое има висока школска подготовка без конкретизирање на професијата. Мислам дека во оваа насока треба да се конкретизира кој може да биде поблизок до оваа позиција по членот 16 алинеја 2, се предвидува орган да биде директорот, а како што се вели во алинејата во негово отсуство да се овласти лице кое го именува самиот директор. Мислам дека околностите кои ги спомнав порано кога оваа Дирекција го доби статусот на правно лице добро е да се предвиди овој директор во негово отсуство да не биде заменет со друго лице, туку да се предвиди можност тој да има заменик. Доколку се реализира членот 33 каде се зборува за институциите казнено-поправните домови моја оценка е дека овие две работи треба да бидат хармонизирани. Она што го реков претходно постои можност во иднина да постои судија кој директно ќе се бави со извршување на санкциите и моја оценка е дека ова треба да биде поздравено.

Има други поситни забелешки, но сакам да кажам дека сепак овој текст, овој предлог е добро обработен, има и други измени кои беа назначени од претходните дискутанти.

Заради ова, јас како пратеник ќе го поддржам овој предлог.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата да пристапиме кон гласање на заклучокот.

Ги замолувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат бројот.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Сега имаме 61 пратеник присутен во салата.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на Закон за извршување на санкциите.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за извршување на санкциите, при што ќе има предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за правда.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеника од кои 60 за, нема воздржан, нема против, а во салата се присутни 64 пратеника.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

(Во 12,58 часот со седницата продолжи да раководи Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието.

**Слободан Најдовски:** Минуваме на точката 21. - **Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за жиотната средина, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Констатирам дека нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 66 претеници, гласале 58 од нив 58 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 61 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменик министерот за животна средина и просторно планирање господинот Драгољуб Матовски.

Повелете господине Матовски.

**Драгољуб Матовски:** Ќе бидам максимално краток.

Сакам само да укажам дека донесувањето на законот е всушност опрализација на Законот за животна средина и програмско насочување на средствата од членот 180 од Законот. За тоа е направена програма од Министерството за животна средина и просторно планирање согласно законот и за нејзина операционализација е потребна промена на законот, ништо повеќе.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, 63 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина.

Минуваме на точката 22. - **Предлог на закон за воздухопловство.**

Дали имаме претставник од Владата поточно од Министерството за транспорт и врски?

Имам информација дека во секој момент министерот ќе пристигне со оглед на тоа што и наредната точка е од истото Министерство, па би замолил да причекаме еден момент.

Додека да пристигне министерот ќе продолжиме со работа по делот што е предлог за гласање.

Повторувам, точка на дневен ред е Предлог на закон за воздухопловство.

Предлогот на законот и извештите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Владата на Република Македонија, согласно член 163 од Деловникот на Собранието на Република

Македонија предлага, Предлогот на законот за воздухопловство да биде разгледуван како Нацрт на закон.

Предлогот на Владата го с тавам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеника, сите гласале за, нема воздржан, нема против.

Молам, службите да го утврдат точниот број на пратеници во моментот на гласање.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Во моментот на гласањето во салата беа присутни 65 пратеника.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Отворам претрес по Нацртот на законот.

Со оглед на тоа што министерот рекоа дека во секој момент ќе дојде, момент, причекајте, со оглед на тоа што сега се работи за Нацрт на закон, доколку се согласите, можеме да ја отпочнеме расправата, бидејќи повереницитe на Владата се тука.

Тоа можеме да го направиме доколку вие се согласувате.

Не се согласувате, тогаш ќе го причекаме министерот да дојде.

Има барање од оние кои имаат намера да се јават за дискусија.

Ако ве интересира кој тоа е господинот Илија Србиновски, кој има намера да дискутира, се јави и сака да биде присутен претставникот на Владата.

Објавувам пауза до 13,15 часот за да имаме претставник од Владата.

(По паузата)

(Седницата продолжи со работа во 13,17 часот).

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа.

Отворам претрес по Нацртот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Љупчо Балковски.

Повелете господине Балковски.

**Љупчо Балковски:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, претставници на Министерството за транспорт и врски.

На почетокот да кажам дека добро е што Владата на Република Македонија по бројните забелешки од наша страна и од сите професионалци што се вклучени во овој закон и што ќе го доенсуваат овој закон и ќе вршат примена на овој закон за воздухопловство се одлучи Предлогот на законот да помине во Нацрт на закон односно да имаме уште една фаза при донесување на овој закон.

Уште кога се носеше Предлогот за донесување на законот и сега веќе овој закон го третираме како Нацрт на закон навистина треба да се донесе закон кој што ќе биде применлив во Република Македонија и овој период да се искористи за да се подобри овојзакон и, јас би рекол, да се смени овој концепт за донесување на овој закон.

Добро е што и министерот за транспорт и врски е тука, меѓутоа добро е што е тука идиректорот на сегашната Управа за цивилна возфухопловна пловидба, која понатаму ќе треба да следи во Агенција за да при разгледувањето на Нацртот на законот ако можат да се вклучат и навистина да знаеме некои работи во однс на работата на Министерството за транспорт и врски, но меѓутоа и во врска со работа на Управата за вивилна воздушна пловидба при определување на новите надлежности и на Министерството и на Управата во новиот закон што ќе се донесе по овој Нацрт на закон.

Ова кажува за надлежности помеѓи Министерството за транспорт и врски и Агенцијата веднаш сакам да напоменам односно да го цитирам членот 5 од Нацртот на законот каде што се кажува: "за регулирање на работите од областа на воздухопловството утврдени со овој закон надлежни се надлежното Министерство за работите од областа на воздухопловството и Агенцијата за цивилно воздушно воздухопловство".

Значи, и во одредбата и во законот надлежност кога се кажува воопшто не е третирано Министерството за транспорт и врски. Дали Владата односно Министерството за транспорт и врски сака да се откаже од ингеренциите во воздухопловството. Ако е така тоа може децидно и со овој закон да се направи, како и што се прави, меѓутоа дајте во еден член за да потоа реагираме и во Законот за Влада каде што едноставно ќе се избришат ингеренциите што треба Министерството за транспорт и врски да ги обавува во однос на воздухопловниот сообраќај. Како е можно во член 5, во внатрешни органи да не се спомнува Министерството за транспорт и врски, а понатаму само во еден член ќе се спомне децидно Министерството за транспорт и врски, а во сите други членови се споменуваат и Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи, па дури и Министерството за финансии. Значи, Нацртот на законот треба да претрпи измени и во Предлогот на законо ти навистина да се донесе еден закон со кој ќе имаме една сосема нова концепција да го решиме и овој проблем.

Надлежното минситерство за работите од областа на воздухопловството, значи сега сме во вториот дел, во заедничките одредби на надлежните органи се кажува дека ја реализира политиката на Владата во областа на воздухопловството, ја спроведува политиката, потоа надзор над работата на Агенцијата, постапка за привремено ставање на концесијата под привремена принудна управа..., тоа се сосема некои работи колку да се напише дека Министерството ќе има некои ингиренции и потоа каде што се кажува дека министерот надлежен за воздухопловство, треба да се одреди дали тоа ќе биде минситерот за транспорт и врски или некој друг минситер од Владата ќе ја обавуваа таа

дејност, како што се спомнува во законот децидно министерот за одбрана, министерот за внатрешни работи, па дури и министерот за финансии. Овде не е точно наведено кој минситер ова ќе го спроведува, дали министерот за транспорт и врски, или некој друг.

Надлежниот министер за воздухопловството ја подготвува националната стратегија, го промовира и организира развојот и формира комисија за испитување на несреќи и сериозни инциденти. Никаква друга ингиренција нема.

Ако е тоа така јас би се согласил и со ваков закон, и со ваков Нацрт на закон ако едноставно од одредба или размислување, политика на Владата и на Министерството за транспорт и врски да нема ингиренции во воздушниот сообраќај, затоа што во член 7, особено во члeновите 8, 9 до член 13 во дејности на воздухопловството сето тоа е во надлежност директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство. Значи нема воопшто потреба да се носи целиот овој закон и Министерството само да биде како претставник на законо тако нема никакви ингиренции. Можеби, имаме таков случај, кога ќе го донесеме законот за премер и катастар каде што сосема друго минситерство, Министерството за правда е одговорно за тоа, па и за овој случај може ова минситерство да се избрише и да биде одговорно некое друго минситерство. Јас и со таа работа би се согласил меѓутоа сега во Нацртот на законот тоа да биде стрикно кажано, затоа што не може почитувани пратеници во еден закон каде што Министерството би било надлежно, мислам на Министерството за транспорт и врски во однос на воздухопловството директорот на Агенцијата за воздухопловство да е надлежен за сите работи. Кога кажувам буквално за сите работи можеби и во членовите каде што се донесуваат надлежностите на Агенцијата тоа не е и толку направено, не е толку децидно кажано колку ако ги погледаме сите други членови каде што се кажува дека секогаш после секој член од сите овие членови некаде околу 199-200 се кажува деак подзаконскиот акт ќе го донесе односно ќе го потпише директорот на Агенцијата. Значи, директорот на Агенцијата едноставно законот за него нема да важи затоа што тој сите ингиренции ќе ги има во подзаконските акти ив ос ите други акти и прописи што се врз основа на овој закон.

Значи, директорот ја претставува Агенцијата и е надлежен за се. Дури е надлежен и одлучува и со посебен член тоа е направено, одлучува за вработување, за распоредување, за суспендирање, за престанок на работен однос, за вработување, каде што треба да обезбеди и правична и соодветна застапеност на сите заедници кои живеат во Република Македонија и да пренесе дури и некои надлежности од самата Агенција. Значи, за тоа треба да размислиме, а да си размисли и Министерството и Агенцијата, затоа што овој закон не се прави само за овој состав и на Министерството и на Агенцијата за цивилно воздухопловство, туку и за сите понатамошни состави на Агенцијата со што сакаме да кажеме дека овој закон навистина ќе најде примена. Ако го носиме само како закон затоа што до сега не е донесен не мораше ни да го донесуваме како Нацрт закон, туку едноставно ќе го изгласавме, но кажав дека овој закон треба да има примена кај сите професионалци што ќе го спроведуваат овој закон.

Кога го кажувам ова, во член 14 децидно се кажани правилата и постапките на оперативното летање на државните воздухоплови ги пропишуваат Министерот за внатрешни работи, минситерот за одбрана, минситерот за финансии. Никаде го нема Министерството за транспорт и врски, дури ни министерот за транспорт и врски го нема. Затоа велам како концепт или ќе одиме во еден сосема нов концепт, Министерството за транспорт и врски да нема ингиренции, или пак ќе одиме во насока да направиме закон кој што сепак Министерството за транспорт и врски како име во ингиренциите што ги има во сообраќајот има ингиренции и во воздушниот сообраќај.

Кога се кажува воздушен сообраќај, односно воздушен превоз веднаш можеме да преминеме на условите за вршење на јавен воздушен превоз каде што во член 32 децидно се кажува дека заради безбедност и уредност на јавниот воздушен превоз правното лице врши јавен воздушен превоз под услови пропишани од Агенцијата. На превозникот кој ги исполнува условите Агенцијата му издава уверение, значи пак Агенцијата.

Формата, содржината и начинот на издавање пак ги пропишува директорот на Агенцијата. Формата, содржината и начинот на издавање на дозволата ги пропишува директорот на Агенцијата, значи независно од сите овие ингиренции што се напишани во член 7, 8 и 9 секаде пишува дека директорот на Агенцијата е одговорен да ги пропишув аи дозволите и начинот на издавање и формата и содржината и начинот на издавање. Дури се кажува дека директорот на Агенцијата го именува и разрешува Владата, што е во ред, меѓутоа во став 2 децидно стои дека директорот на Агенцијата лично е одговорен на Владата за својата работа, за работата на органот како и за состојбата во воздухопловството во рамкит ена надлежностите утврдени со овој закон. Значи, никаде го нема Министерството за транспорт и врски.

Одиме понатаму, ги читам членовите каде што се дирекно поставени односите помеѓу Министерството и Агенцијата.

Во член 59-даватели на услуги во воздушниот сообраќај каде што се формира правно лице давател на услуги и согласно Законот за трговски друштва, Акционерско друштво со еден акционер, а тоа е државата воопшто во Предлогот за донесување на законот тоа го немаше, добро е што го има сега во Нацртот на законот, меѓутоа сепак многу малку, само во 4 до 5 члена е објаснето како тој давател на услуги ќе ги врши

сите односи и потоа се кажува дека тие работи секогаш ќе ги прави директорот во однос на некој подзаконски акт.

Исто така од член 64 до член 69 каде што се кажува за аеродроми, полетувалишта и терени многу малку се дообјаснуваат работите во однос на овој дел, а законот тоа треба и да го направи т.е. да ги објасни сите работи што се донесени кои што ќе вршат примена, а не само да се набројат, а потоа ќе се доработат со актите пропишани од директорот.

Член 75, во насока на ова што го зборувам: "форма, содржина, начин на водење на регистер на аеродроми ги пропишува директорот", "форма, содржина и начин на издавање и повлекување на уверенијата ги пропишува директорот", дури се оди и до таму во член 79 да се кажува дека и изградбата, поставувањето и одбележувањето на објекти се врши на начин пропишан со овој, а потоа е ставен и друг закон, а условите за поставување за градбата и одбележувањето на објектите ги пропишува директорот на Агенцијата, за што си постои Закон, бидејки ние донесовме Закон за просторно и урбанистичко планирање, донесовме Закон за градба на објекти и не може сега се што се работи во однос на делот за воздухопловството ништо од тоа да не важи само да важи законот што ќе се донесе, кој сега е Нацрт, а понатаму ќе биде Предлог закон за воздухопловството. Значи сепак некои работи мора да се координираат со другите закони што ги имаме донесено.

Во член 89 до таму се зголемуваат ингеренциит ена директорот, а воопшто нема никакви ингеренции министерот, се кажува дека Националниот комитет за безбедност и олеснување дека ќе раководи директорот на Агенцијата во својство на национален координатор. Значи, и тоа ако не е минситерот јас не знам што воопшто бара Министерството за транспорт и врски да биде дури и

Сега, ние ако одиме на издавање на концесија на целокупната тендерска постапка каде што ќе одбереме кој ќе биде концесионер, концесионерот ќе ја земе и после веднаш ќе ја предаде концесијата. Зошто го правиме тоа, дајте да му ја дадеме без концесии и без тендер, кој сака тој, кој сака агенцијата или кој сака Министерството. Ако може концесијата да се пренесува на некои други, зошто тоа да го правиме. Овој член не беше ниту во предлог за донесување закон. Зошто сте го ставиле во овој член. Јас мислам дека тоа ни Европската комисија не го бара да може концесијата да се пренесува на друг. Нека се прекине концесијата, ќе се објави нов тендер и на новиот тендер ќе се јави друг концесионер. Зошто концесионерот да се договара со некој друг и тој од име на државата да преговара со некој кој што сака да му ја пренесе концесијата и врз основа на кои договори после концесионерот со тој што ќе ја пренесува концесијата ќе биде одговорен. Кон кој ќе биде одговорен тој што ќе ја земе концесијата. Спрема концесионерот што му да дал или пак спрема Владата што му ја дала концесијата на првиот концесионер. Значи, навистина ќе треба многу да се подразмисли што се сака со овој член да се постигне. Ако го имате тоа образложено, во ред е сега да го објасните, а ако не, туку е само така напишано, тогаш да го избришеме или да размислиме и во Комисијата за транспорт и врски или пак да се разговара со членови кои навистина се професионалци во оваа област, како и да се види какво е искуството со другите аеродроми каде што имаат концесија дали ги пренесуваат така концесиите или пак едноставно сосема друго се сака да се направи со овој член. Тој е многу краток, една реченица, меѓутоа многу значаен во доделувањето на концесиите и во одлучувањето кој ќе биде концесионер на аеродромите во Република Македонија. За ова ќе разговараме многу и во Предлогот на законот, меѓутоа, сега само ги набројувам членовите кои што тимот составен за работа на Законот за воздухопловство треба да обрне внимание и навистина да даде некои објаснувања во однос на овој член.

Во персоналот на воздухопловството и другиот стручен персонал, во седмиот дел, веќе стигнавме до член 140, секаде во секој член само ги набројувам за да ни стане уште појасно дека формата, содржината и начинот на издавање на уверението го пропишува директорот на Агенцијата.

Во член 143 секаде, значи едноставно нема потреба да го пишувате ова, вие сите членови сте ги донеле и потоа после секој член, став каде што формата и содржината што ги пропишува директорот на Агенцијата. Не мора ние да го донесеме цел закон, измена да направиме на постојниот закон со еден член, формата и содржината ги донесува и за се одлучува директорот на Агенцијата. Со тоа ќе завршиме работа и воопшто нема да ги гледаме сите други членови. Навистина, за тоа треба да се консултираат и да се видат и некои други работи односно други закони кои што се во функционирање на воздухопловството во однос на земјите со кои сме соседи во овој дел и на пошироко во Европската Унија.

Во деветиот дел, во надзорот во член 177 каде што се кажува дека прв пат се кажува Министерството за транспорт и врски, меѓутоа, видете што се случува сега. Зошто го пишувате Министерството дека е само надзор на примената на одредбите на овој закон врши Министерството за транспорт и врски, веднаш потоа дури ни во нов став, туку во истиот член 177.

Значи, во продолжение на ставот кажувате "и Агенцијата во рамките на своите надлежности утврдени со овој закон". Тоа значи на Агенцијата вие и кажувате дури кои се надлежностите утврдени со овој закон, а Агенцијата утврдена со овој закон ги има сите надлежности. Буквално кажете ми една надлежност што ја има Министерството за транспорт и врски. Дури тоа вие и го кажувате во член 177. Надзор врз и

Министерството, врз спроведување на овој закон, а нема ингеренции односно, кои ингеренции ги има Министерството да го спроведува овој закон. Има Агенцијата и тоа убаво го опишувате тука и Агенцијата дури ги набројувате дека во рамките на своите надлежности утврдени со овој закон. Сите надлежности, па не мора и овој член да го пишувате. Зошто не напишете дека надзор над овој закон има Агенцијата за цивилно воздухопловство. "Во услови за вршење на инспекциските работи", кажувате дека "Ги врши инспектор кој е вработен во Агенцијата и ќе го врши инспектирањето во самата агенција". Против директорот тоа нема никогаш да се случи, бидете сигурни во тоа. Јас ве уверувам дека никогаш инспекторот што е вработен во Агенцијата нема да оди против Агенцијата во рамките на своите надлежности и сега ги набројувате надлежностите. Дајте нека се формира посебна инспекциска служба, значи посебно тело, како што формирате ново акционерско друштво за контрола на летање, зошто се плашите да формирате инспекциска служба посебно. Па, потоа таа да врши, ако не сакате министерството, меѓутоа таа да врши контрола врз управата односно Агенцијата за цивилно воздухопловство. Тогаш се согласувам не треба да има ингеренции Министерството за транспорт и врски ако Агенцијата, ако инспекцијата е одвоена од Агенцијата односно Управата сегашна за цивилна воздушна пловидба. Тогаш ќе имаме навистина надлежности кои што ќе бидат дефинирани. Политиката ја одредува Министерството, тоа е само еднаш направено, нема никакви ингеренции, управата ги има сите ингеренции односно агенцијата, меѓутоа, инспекцијата врши надзор и врз работата на самата агенција. А, вака што? Вака истото тоа буквално што го сака директорот на Агенцијата, ќе се спроведува и во работата на инспекцијата. И, што добиваме? Само инспекцијата ќе биде извршител на желбите на самиот директор на Агенцијата. Добро е сега што имаме професионален кадар во работата на Агенцијата, односно сегашната управа како директор, меѓутоа, замислете што може да се случи, затоа што Владата го назначува директорот на Агенцијата односно Управата. Значи, тоа ќе биде политичко лице. Сега, имаме случаи, како што е со директорот и политичко и професионално и тоа е добро, меѓуитоа ако имаме случај само политичко и сега и инспекцијата тогаш ќе ги оствареа своите желби, а воопшто нема да знае што се случува и во Агенцијата, поготово во инспекцијата, затоа што инспекцијата децидно во самиот закон е наведено кои ингеренции ги има. Инпекцијата ќе биде само инструмент врз се она што ќе посака директорот на Агенцијата да ги извршува.

Во однос на казнените одредби, многу прецизно и јасно треба да се одреди,без разлика вие што ги имате напишано "врз основа со парични казни ќе се одредат условите", меѓутоа не е тоа значајно ако се само набројани . Треба да бидат објаснети што и кои се тие казнени одредби кои ќе можат, вие можеби во набројувањето, еве јас ќе ви прочитам неколку и дури ги имате згрешено и членовите 198 и 199 се исти, само набројувањето ви е различно. Прочитајте го 198 е со парична казна од 30,000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок правното лице. И членот 199 пишува дека со парична казна од 30.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок правното лице. Па, зошто овие два члена ги ставате, во еден член ќе ги наброевте и сите се околу стотина прекршоци, тие ќе ги ставевте во еден член. Не се гледа причина зошто ги делите прекршоците, а сумата е иста. Кога се пишуваат вакви прекршоци, можеби правно е вака, меѓутоа треба навистина да видиме кои прекршоци ние ќе ги казнуваме од 30.000 до 300.000 денари. Значи, опсегот е многу голем и тоа десет пати и сега кажуваме дека тоа може да се казни ако планирањето, проектирањето, реконструкцијата и изградбата на аеродромот или леталиштата не ги врши согласно посебните услови кои ги пропишува Аганцијата. Што дека вие некого сте казниле со 30.000 или со 300.000 денари кога планирање, проектирање, реконструкција и изградба. Значи,дајте тоа нека биде во инспекциските служби, независни, како што ги имаат другите министерства и во градежната инспекција, затоа што ние веќе донесовме во Законот за градба каде што се делат кои надлежности ќе бидат на Министерството, а кои на локалната власт и зошто тие работи ги имаме таму направено, а сега вие ги кажувате овде дека некој ќе го казниме ако изгради нешто погрешно. Ако тој изгради нешто, тогаш ќе имаме сите проблеми, не само тој, правното лице и ќе го казниме со 300.000 денари. Дали тоа ќе се реши? Во никој случај. Или ако пред изградба и реконструкција на аеродромот, прво кажуваме дека ако го изгради односно ако изгради нешто на аеродромот и кажуваме ако пред изградбата не прибави согласност за услови за градба. Еден по друг еве 15 и 16 точка, гледајте ги, кажувам кога ќе се набројуваат овие значи децидно треба да оди редоследот и затоа ние ги донесовме. Многу е добро што Министерството има ингеренции и во градењето и во проектирањето и сега во воздухопловството. Значи, сите тие работи ако ги раководи едно минситерство може да се усогласат. Закон за просторно и урбанистичко планирање, Закон за градба, Закон за воздухопловство. Зошто во законот за воздухопловство вие кажувате ако нема услови за градба, тоа ќе си го реши друг закон. Воопшто вие тука нема да навлегувате. Ако навлезете и во тоа, самите инспектори меѓу себе не ќе знаат кој и како ќе се изгради и потоа ќе имаме проблеми.

Членот 199 е ист. Членот 200 каде што со парична казна се казнува уште помала и тоа од 10.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок физичко лице. Гледајте сега, можеби овие се работи кои што навистина треба многу јасно, многу време и уште еднаш кажувам дека е добро што сега само ги набројуваме за да може тимот

малку да седне и да размисли кој концепт ќе го одбере. Не може во закон да се казни, да пишува да се казни со парична казна од 10.000 до 50.000 денари физичко лице ако воздухоплов лета во македонски воздушен простор без одобрение за летање. И, вие него ќе го казните со 10.000 до 50.000 денари. Еве, точката 7, какви работи ви кажувам, ако странскиот воздухоплов не лета по воздушни патишта пропишани од Владата на Република Македонија и вие странскиот воздухоплов ќе го казните до 10.000 денари, физичкото лице што го вози воздухопловот. Знаете што се случува ако некој воздухоплов лета во наш правец без никаква контрола и без пропишани норми и стандарди, закони и сите работи. А, ние го казнуваме со 10.000 до 50.000 денари. Подобро не ги пишувајте тие работи. А, во другите членови тоа го имате објаснето дека целата постапка странски воздухоплов, домашен, како лета што лета, каде лета и ние сега овде им кажуваме вие летајте како што сакате во македонски воздушен простор без одобрение за летање и го казнуваме со 10.000 денари. Мислам дека некои работи треба многу да се прочитаат, да се размислуваат и да се донесе закон кој што ќе биде применлив и употреблив.

Најпосле, во член 201 каде што се кажува дека "подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од една година од влегување во сила на овој закон" мислам дека е многу голем период, без разлика што се донесени подзаконските акти и дека тие ќе важат и старите до донесување на новите, меѓутоа една година е многу. Значи, ние правиме нов закон, одредуваме нов концепт за воздухопловството, а подзаконските акти ќе се донесат после една година. Со тоа самиот закон се разводнува поготово што во секој член како што набројав дека директорот на Агенцијата, еве да не го спомнувам директорот на Агенцијата, па да се свати тоа како директорот, меѓутоа Агенцијата секаде ќе ги пропишува нормативните, стандардите, постапката и се. Значи, секој член нас нема да ни е во важност, додека не го направи тоа Агенцијата во посебни уверенија. За тоа ќе протече една година. Значи, ние носиме закон што ќе биде применлив после една година. Па, после една година, од кога ќе почне да се применува согласно актите, ќе биде применлив и ќе видиме како тоа ќе функционира.

Овие беа некои забелешки кои што се во насока на донесување на добар закон ако Министерството за транспорт и врски е надлежно и за оваа агенција за цивилно воздухопловство. Видете ги надлежностите на Министерството за транспорт и врски во однос на Агенцијата за електронски комуникации, истото тоа и Министерството го носеше. Значи, имаме две агенции во исто министерство, од управи станаа агенции, а во едниот закон надлежностите на министерството во однос на Агенцијата за електронски комуникации се многу поголеми вон однос на Агенцијата за цивилно воздухопловство. Или, ако се две агенции барем направете некиоја координација помеѓу ингеренциите што тоа министерство ќе ги има во однос на агенциите. Нека бидат и помали, меѓутоа, скратете ги барем сега во Агенцијата за електронски комуникации или нека бидат поголеми, меѓутоа, зголемете ги агенциите во Агенцијата за воздухопловство. Вака, два закони, претставници, значи го носи истото министерство и сега во зависност од Агенцијата ние ги спречуваме ингеренциите на Министерството.

Затоа, кажувам сите овие работи што ги кажав, сите овие забелешки се во насока на донесување на Закон кој што ќе биде применлив.Затоа, треба освен Комисијата, овој закон да биде транспарентен. Дајте го и немојте воопшто да се плашите од критики на професионалци, од критики на Европска комисија, дури и од сите добронамерно што ќе направат критики, за да ако сме чекале досега на овој закон, да донесеме закон кој што ќе биде применлив и во интерес на сите чинители и субјекти кои што ќе го спроведуваат законот.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Балковски.

Госпоѓо Лалчевска до пауза малку време е за дискусија.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,02 часот).

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Лалчевска имате збор.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе.

Колеги пратеници, претставници од Министерството, дозволете ми да кажам неколку збора околу Предлог-законот за воздухопловство кој патем кажано беше Предлог на закон, меѓутоа по интервенција на одреден круг пратеници во контакти со Министерството и еве гледам и последното писмо по предлог на Европската комисија за размена на информации за техничка помош од Брисел, поради одредени пропусти што беа направени во текстот и на некој начин изместен концептот на она што требаше да биде законот, сега ќе оди во нацрт верзија за да се даде можност да се доработи и да дојдеме до закон каков е потребен и по кој можеме да функционираме. Тоа ни е потребно, бидејќи Република Македонија веќе 14 години чека на донесување на еден ваков закон, до сега функциониравме по едни закони од еден друг систем, во меѓувреме се сменија многу услови на функционирање на државата, а со тоа и функционирање на цивилното воздухопловство и како резултат на немање на соодветна законска регулатива во духот на времето кое дојде, на нас ни се случуваа разни недоследности во работењето на сегментот цивилно воздухопловство. Водена е една лоша политика во јавното претпријатие за авиопревоз, во Управата за цивилна пловидба, резултат на сето тоа ни се случи да ги избркаме странските авио

компании од нашите аеродроми, да дојде до енормно намалување на бројот на патници кој го имавме во одреден период наназад, дури, за жал морам да констатирам и до нарушена безбедност во авио превозот во која, за жал имаше и човечки загуби. Се надевам дека со добра волја на сите оние кои учествуваа во изготвување на законот и на сите пратеници кои дадоа и ќе дадат забелешки на овој закон, во следната фаза веќе ќе имаме едно квалитетно решение кое ќе овозможи, пред се брз и квалитетен развој на авиопревозот и ќе дојде до почитување на она што значи Чикашка конвенција која Република Македонија ја потпишала и која предвидува сите пари остварени во воздушниот сообраќај исклучиво да се трошат за развој на авиосообраќајот. Тоа е обврска од оваа конвенција која за жал до сега не беше испочитувана.

Ќе изнесам некои свои забелешки на текстот на законот и ќе дадам некои свои идеи, притоа морам да кажам дека можеби не се сите мои лични идеи и Либералната партија се залагаше и низ комисиските расправи и низ пресови да се дојде до едно квалитетно решение во овој сегмент.

Би почнала од членот 3.

Членот 3 предвидува дека сите меѓународни стандарди и прописи ќе бидат применувани во оригинална односно во изворна верзија и тоа се она што викаме меѓународни стандарди. Меѓутоа, за жал, понатаму во текстот точно стои, "директно се сметаат за прифатени и се применуваат во оригинална верзија". Меѓутоа тоа мене ми звучи многу декоративно затоа што понатаму во текстот ќе видиме дека многу се изместува тој концепт на примена на меѓународни стандарди и правила во оригинална верзија, бидејќи многу други одредби во текстот на законот се неусогласени со членот 3, како на пример би ги навела членот 32, членот 37 ставот 3 и некои други одредби. И ако внимателно го прочитаме текстот на целиот тој закон, изместувањето на примената на тие меѓународни стандарди и правила ќе го видиме во една предимензионирана улога на директорот на Агенцијата. До таму е предимензионирана што дури и она што е пропишано како меѓународен стандард и правило му се дава за право на директорот тој да ги пропишува, да речеме водењето на книги и тн. и со тоа го изместува целиот концепт, а таквата работа нас ќе не доведе во конфликт со сите европски институции во сегментот воздухопловство во кој ние треба да се интегрираме и во кој треба да почитуваме одредени правила за да бидеме интегрирани. Затоа предлагам во следната фаза внимателно да се разгледаат сите ингеренции кои му се даваат на директорот и да се намали димензијата која му се дава со овој Нацрт на закон.

Понатаму, во членот 5 не го гледам Министерството за транспорт и врски кое е ресорно министерство во овој сегмент. Значи апсолутно не е вклучено овде ова Министерство. За тоа и господинот Балковски многу добро елабориpraше. Јас стојам на истиот став дека Министерството како ресорно, секако треба да има значајна улога во воздухопловството.

Исто така не ја гледам ниту контролата на летање. Ја има Агенцијата за цивилно воздухопловство, ја нема контролата за летање. И таа си има свои надлежности.

Во членот 6 под ставот в) се вели: "врши надзор над работата на Агенцијата". Кој врши надзор?

Кога понатаму ќе го разгледаме одделот за надзор, ќе видиме дека оној кој треба да врши надзор е вработен во самата Агенција, ќе биде вработен во самата Агенција. Тоа би било, по онаа народната "кадија те тужи, кадија те суди". Не може да врши надзор некој кој е вработен во самата Агенција. Надзорот мора да биде изземен од Агенцијата, значи да биде посебен орган. Јас и на Комисијата кажав дека треба да се размисли за посебна инспекција која ќе биде некаде меѓу Министерството, значи која ќе биде директно одговорна на Министерството, а ќе биде независна од Агенцијата за да може непристрасно да врши надзор. Инаку ние никаков надзор не ќе можеме да извршиме ако тој што врши надзор ни е директно вработен во Агенцијата за воздухопловство, а уште повеќе, ако ги земеме предвид сите оние надлежности што ваквиот концепт на закон му ги дава на директорот кој ќе ја води Агенцијата. Значи не е на одмет да се размисли за формирање на посебна инспекција која ќе биде под ингеренции на Министерството, која ќе врши надзор не само на сегментот воздухопловство, туку тука може да се размислува и за телекомуникации. Значи се она што Министерството за траспорт и врски го има како свој ресор, оваа инспекција би можела да врши контрола над сите тие сегменти, нормално со посебни инспектори во секој ресор. На таков начин ќе добиеме еден линк меѓу Министерството за транспорт и врски како ресорно Министерство, преку Инспекторатот и оние сегменти од Министерството, значи авиосообраајот, железничкиот сообраќај, патничкиот сообраќај, телекомункаците и тн. Тоа надлежните можат да го разгледаат и да видат како подобро би функционирале работите.

Понатаму, во членот 11 околу финансирање на Агенцијата. Вели:"Дел од надоместокот остварен по основ на користење на услуги во воздушниот сообраќај". Прво кој е тој дел. Во воздушниот сообраќај точно се познати услугите и точно се познати изворите на средства, значи не се непознати и недефинирани. Тука се пелетите, тука е лендингот, тука е осветлувањето и тн. Значи познати се изворите на средства и мислам дека законот јасно треба да ги дефинира, а не паушално.И некаде во точка 3 вели:"Висината и начинот на утврдување на дел од надоместоците од ставот 1 алинеја 5 на овој член, го пропишува Владата на Република Македонија и не може да изнесува повеќе од 10% од висината на надоместокот". Зошто владата да го пропишува?

Ние рековме дека сите средства што ќе се остварат во овој сегмент, во воздушниот сообраќај, според Чикашката конвенција треба да одат исклучиво за развој на авиопревозот. Ние тоа сме го потпишале. Македонија ја потпишала таа конвенција. Сега не можеме ние некакви други правила на игра да определуваме. Значи членот 11 да се ревидира и да се усогласи со она што ние како држава сме го потпишале во овој сегмент односно тоа е Чикашката конвенција.

Во членот 17 точка 6 вели:"Агенцијата го пропишува начинот и постапката за враќање и присилно слетување на воздухоплов, од став 4 и 5 на овој член".

Јас навистина би сакала да слушнам со што ќе го вратите присилно таквиот воздухоплов. Со што господо? Со што да го вратиме, не можеме со воени хеликоптери да го вратиме. Тие не летаат на 10 илјади метри. Значи немаме воени авиони. И тие два колку ги имаме се чека да се ослободиме од нив. Со што ќе ги вратиме? Навистина би сакала да слушнам со што присилно ќе ги вратиме. Ова е апсолутно неприменлива одредба, само го оптоварува законот.

Во членот 20 "ракети против грдоносни облаци може да се лансираат само врз основа на согласност од надлежната контрола на летање". Тука не е јасно кои се субјектите кои се одговорни за градобијните ракети. Јас мислам дека тука треба да се дефинираат.

Во членот 23 "летови од посебно значење за безбедноста на Република Македонија". Не знам дали тука треба да се размисли што е со ВИП летовите, дали можеби и тие треба да бидат, затоа што сепак тие се посебен вид на летање. Тоа е како една моја сугестија.

Во членот 32 повторно имаме она што претходно го кажав, неусогласеност со членот 3. Вели: "Агенцијата ги пропишува". Нели, заради безбедност и уредност на јавниот воздушен сообраќај, самото лице што врши јавен воздушен превоз, мора да ги исполнува условите пропишани од Агенцијата. Не, тие се меѓународни стандарди и правила кои треба изворно и во оригинална верзија да се применуваат. Не може Агенцијата да ги потпишува

Сега посебно контраверзен за мене е членот 34 став 2. Вели: "Превозниците се должни (се работи за нови линии) да се спогодат за тоа, како и да презентираат доказ за расположивите капацитети за спроведување на летот на бараната линија". Прво не е јасно со кого треба да се спогодат. Сега кога ќе го видиме ставот 3 "Ако превозниците не постигнат спогодба". Значи превозниците сами треба меѓу себе да се спогодат. Тогаш ако тие не се спогоделе, сега Агенцијата ќе донесе решение кој превозник ќе врши превоз на линија за чие користење не е постигната спогодба. Јас навистина не знам како очекувате, превозниците кои сите имат интерес и сите ценеле дека имаат економска оправданост за нова линија, меѓу себе да се спогодат. Тоа е надвор од пазарната логика. Секој кој конкурирал за нова линија, нормално претходно направил проценка, како што вели-како превозник има економска исплатливост и конкурира за нова линија. И да се остави на превозниците сами да се спогодуваат кој ќе го врши превозот, навистина мене ми нема никаква логика. Како тие, сите имаат интерес да ја добијат новата линија, како ќе се спогодат меѓу себе. Секој ќе цени и ќе тврди дека тој е соодветниот превозник за новата линија. Не можеме да оставиме простор за ваква одредба, тие меѓу себе сами да се спогодуваат, а пак уште полошо е решнието во ставот 3 кое вели дека, Агенцијата, ако тие не се спогодат, а нема да се спогодат, однапред знаеме, сега Агенцијата ќе донесе решение кој превозник ќе врши превоз. Меѓутоа, во ставот 4 вели: "ова решение ќе важи најдолго за шест месеци". И сега на Агенцијата и оставаме простор, значи однапред знаеме, тие нема да се спогодат, Агенцијата ќе донесе решение кој ќе биде превозник и тоа решение ќе важи шест месеци. Тоа во недоглед ќе се повторува и ќе и дадеме простор на Агенцијата постојано да се пазари кој ќе биде превозникот. Такво решение апсолутно е неприфатливо. Тоа е еден простор за корупција, ако сакате. Вакво решение, навистина го повикувам предлагачот да размисли како тоа другите го решиле и да прифати некои позитивни решенија од оние кои понапред отишле во авиопревозот, а оставањето на ваква одредба е надвор од сите пазарни логики, а уште повеќе што Агенцијата пак на секои шест месеци ќе си има за право да се пазари, сега ти ќе бидеш, утре ти ќе бидеш, па сега ние ќе се наддаваме кој ќе биде превозник. Во ред е да донесе решение од оние кои ќе понудат најдобри услови, но не вака формулирано.

Во членот 37, околу редот на летање, во ставот 1, последната реченица вели: "Само по претходно добиено одобрение од Агенцијата", а потоа во ставот 2 вели: "Известувањето за прекинување на превозот на воздушниот сообраќај". Овде се работи за виша сила или вонредни услови кога се врши прекин. Сега не ми е јасно дали се работи за одобрение. или известување. Значи овие два члена не кореспондираат меѓу себе. Јасно треба да се прецизира дали се работри само за известување, за прекинување на превозот во воздушниот сообраќај поради виша сила или вонредни ситуации, или е потребно одобрение, бидејќи одобрение е поинаков акт од известување. Тука треба јасно да се прецизира и да се каже дали се работи за известување или се работи за одобрение.

Во членот 84 вели: "Останува јавното претпријатие за аеродромска услуга во Македонија". Сега тука за мене е најголемата забелешка на овој закон и затоа тврдам дека целиот концепт на законот е изменет.

Ако оставиме да функционира Јавно претпријатие за аеродромски, а исто така даваме

можност за концесионирање во сегментот на авиопревозот, како тогаш ќе ги мотивираме да дојдат инвеститори и да побараат концесија. Нема логика вие да ги дадете вашите пари, значи да бидете концесионер, а некој друг Јавното претпријатие да ви го управува.

Јас предлагам да се укине Јавното претпријатие и да се отиде на варијанта на аеродромски претпријатија кои ќе си работат по пазарна економија. Тие навистина вршат превоз од јавен интерес, меѓутоа поинакви се правилата за функционирање на јавно претпријатие. Затоа стоам на становиште дека Јавното претпријатие не треба да постои.

Во членот 88 се формира Комитет за безбедност, а подолу во членот 89 Национален комитет. И никако неможам да сватам, дадени се тука субјектите кои учествуваат итн, ама неможам да сватам како националниот комитет е од повисок ранг, значи повисок од комитетот. Како може сега со националниот комитет да управува директорот на Агенцијата? По логиката на нештата би требало да управува министерот, или во најмала рака некој што е претставник на Министерството. И покрај тоа што директорот на Агенцијата го бира Министерството, јас мислам дека националниот комитет е повисок по ранг и треба да му дадеме можност на ресорното министерство да управува со него, а не на директорот.

Околу концесиите. Добро е што се даваат концесии и би требало да очекуваме дека ќе влезат нови пари во авио-превозот, дека ќе поттикнат развој. Меѓутоа, не се ни оние пари што досега се остваруваа во овој сегмент мали, ама концесијата губи секаква смисла и паѓа во сенка ако остане јавното претпријатие. Со тоа да сме на чисто.

Во членот 90 под изградба и користење на нов аеродром или летилиште и сега да се дава под концесија, меѓутоа знаеме дека некои светски стандарди за изградба на нов аеродром, дека тие средства ќе се вратат дури по пет години и пет години е некој светски стандард од кога ќе почне да се профитира од новоизграден аеродром. Не ја гледам логиката сега да дојде некој концесионер и да вложи средства за изградба за нов аеродром, а ако ги имаме во предвид одредбите подолу, дека концесијата се дава за 7 години со можност да се продолжи на период, подолг период, меѓутоа не повеќе од 30 години. Ама како е овде формулирано постои можност после 7 години вие да му кажете на концесионерот и да не му ја продолжите концесијата , таква можност постои и со тоа ние однапред ги бркаме луѓето да вложат пари. Никој нема да вложи пари, ако при тоа не види еконска исплатливост. Иако викаме дека светскиот стандард за да му се вратат парите е 5 години, него му остануваат 2 години и после 2 години вие да му ја земете концесијата, затоа што вака поставени одредбите даваат можност концесијата да не му биде продолжена. Затоа треба да се размисли за поинакво решение.

Во членот 93 овде се дава некоја можност за подконцесионерство. Навистина неприфатливо е такво решение. А најчудно нешто во однос на одредбите за концесија е можноста физичко лице да биде концесионер. Јас навистина не можам да сватам како во овој бизнис даваме можност физичко лице да биде концесионер. Тоа е исклучено.

По однос на казнените одредби јас ги имам скоро сличните забелешки што ги имаше господинот Балковски околу некои нелогичности на казните кои се предвидени. Меѓутоа, тој веќе ги изнесе, јас не би ги повторувала во интерес на времето и се надевам дека предлагачот ќе ги уважи сите овие забелешки и ќе го промени концептот на законот, а не е непроменлив, значи потребни се неколку корекции за да се дојде до еден солиден закон и да се усогласи со она што значи меѓународни стандарди и правила кои ние сме обврзани изворно да ги применуваме и дека во следната фаза која наскоро ќе дојде ќе добиеме квалитетно решение, квалитетен закон кој ќе овозможи побрз развој на авиосообраќајот во Република Македонија.

**Љупчо Јорддановски:** Благодарам госпоѓо Лалчевска. Има збор пратеникот Томе Тромбев.

**Томе Тромбев:** Почитуван претседателе, почитуван заменик министер, почитувани повереници на Владата,

Дозволете ми и јас да го кажам моето мислење по овој Предлог на закон досега, а од денес нацрт на закон. И ја поздравувам одлуката на Владата да го преименува ова во нацрт закон после оние 25 амандмани од Законодавно-правната комисија, 11 амандмани од Комисијата за Транспорт и врски, 5 други, меѓу нив и 2 мои.

Со претходните дискутанти се согласувам во одредени работи, во голем дел не се согласувам, меѓутоа едно ценам дека е потребно тука да се нагласи што е заедничко, дека ингеренциите на Министерството за транспорт и врски, и ингеренциите на министерот треба да бидат силно изразени во овој закон, наспроти оние ингеренции кои што се дадени на директорот на Управата, т.е. идната агенција за цивилна воздушна пловидба. Зошто така? Затоа што ова е материја што е пар екселанс му припаѓа на Министерството за транспорт и врски. Затоа што го имаме зборувано и во претходни закони, Министерството е надлежно да ја креира политиката во државата во одредената област. Ова како што кажав е пар екселанс на Министерството за транспорт и врски, а ингеренција на Агенцијата е да ја спроведува дневно и оперативно таа политика. Така што околу она што и господинот Балковски се залагаше и госпоѓата Ристана Лалчевска, сметам дека во наредната верзија ингеренциите на Министерството за транспорт и врски треба да се појачаат. Меѓутоа, тука излегов и да прокоментирам два од амандманите кои што јас ги дадов и кои што сметам дека во наредната фаза Министерството треба да ги вгради во

законот, бидејќи по мое мислење и по мислење на други експерти се амандмани кои што можат да се вградат во самиот закон.

Во членот 73 ставот 1 кој што вели дека корисниците на услугите кои се однесуваат на прифаќање, испраќање на воздухоплови и патници, бакаж, стоки, пошта, за полетување и слетување односно користење за полесно слетни патеки и патеки за возење, слетување, осветлување, за престој на воздухоплови, паркинзи за користење и обезбедување на пристанишната платформа и згради со стратешки објекти и др. услуги што вообичаено се вршат на воздухопловното пристаниште се плаќа надоместок. Значи,оние услуги што се со еден збор хенлинг и лендинг, стручно кажано во воздухопловната пракса, за тие услуги се плаќа надоместок. И во овој член тие услуги се наведени кои се, меѓутоа третиот став е спорен. Тој став вели дека висината на надоместоците ја пропишува Владата на Република Македонија на предлог на Агенцијата по барање на сопственикот, односно корисникот на воздухопловното пристаниште. Тука сметам дека потребно е да се изврши корекција на овој став на членот 73 и да му дадеме можност на сопственикот на аеродромот, или на корисникот на аеродромот идниот концесионер да може да ја креира деловната политика, сопствената деловна политика. Бидејќи премногу бирократски е доколку му ставите ограда по предлог на Агенцијата цените да ги пропишува Владата. Владата може да пропише некои максимлни цени кои што можат да бидат, меѓутоа неможе Владата да ги пропишува актуелните цени. Затоа мислам дека оваа одредба треба да претрпи измена бидејќи интенцијата на сите воздушни превозници во Европа кои што нудат услуги по пониски цени е со аранжманите фрискај агримент да можат да склучуваат слободни договори со воздушните пристаништа и слободно да формираат цени. Бидејќи е тоа така, ние треба да оставниме можност на сопственикот или корисникот на аеродромот да може да ги пропишува тие цени и да ги одбегнеме бирократските можности кои што ако остане вака овој став, ќе се појават. И тука би го навел веќе претходниот дискутант госпоѓа Лалчевска го наведе членот 84 на кој што исто така имам амандман кој што го наведува по име и презиме Јавното претпријатие за аеродромски услуги како давател на услуги. Сметам дека тука треба да дојде некое посебно претпријатие, имаше предлог и од гопоѓа Лалчевска, меѓутоа и јас исто така сметам дека некое посебно претпријатие, дали ќе биде во сопственост на Владата, или не, тоа е друго прашање, меѓутоа треба да биде посебно претпријатие, затоа што можат да бидат две претпријатија во наредниот период. Бидејќи ние од друга страна правиме развоен закон, можеби некогаш посебен ќе биде корисник, или сопственик на аеродромот во Охрид, посебен ќе биде на аеродромот во Скопје. Тука можат да бидат две претпријатија, може да биде јавно претпријатие, може да биде акционерско друштво во државна сопственост, или акционерско друштво во некоја друга сопственост. Така што сметам дека тука треба овој член да претрпи измена.

Се надевам дека во пропишаниот рок согласно Деловникот на Собранието Предлог законот ќе биде доставен во собраниска процедура.

**Љупчо Јордановски:** Има збор пратеникот Јанаќе Витановски.

**Јанаќе Витановски:** Јас ќе бидам краток во моето излагање и само сакам да кажам она што го кажаа и моите колеги претходници, добро е тоа што овој закон веќе не е Предлог, туку веќе е Нацрт, а мислам дека таа реакција добро ја виде Владата и законот го повлекува, односно сега е во Нацрт од причина што големиот број на амандмани, а и големиот број на луѓе кои се занимаваат со оваа работа видоа дека овој закон треба да оди во две фази при што секој да си го даде своето мислење и да направиме еден квалитетен закон со кој закон уредуваат условите и начинот на вршењето на дејноста од областа на воздухопловството во Република Македонија . Сметам дека она што го кажа господинот Тромбев, и јас има една таква забелешка дека во целиот закон преовладуваат големи права на директорот на Агенцијата и сметам дека во законот треба да преовладуваат поголеми ингеренции и права на министерот за транспорт и врски, односно на Министерството за транспорт и врски. Во членот 9 дадени се некои надлежности на директорот на Агенцијата, мислам дека нема потреба од поголеми надлежности. Но, мислам дека акцентот на законот треба да се даде за поголема надлежност на Министерството за транспорт и врски.

Во однос на она што имав да кажам, имам поднесено 5 амандмани, веројатно тие ќе ги имаат во предвид и Министерството и Владата, па нема што да коментирам повеќе по нив, бидејќи ги имате како текст и се надевам дека во Предлогот на законот ќе ги имаат во предвид овие амандмани и како забелешки. Го подржувам овој закон.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот и ги молам пратениците да влезат во салата, треба да гласаме по заклучокот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието на Република Македонија го усвојува Нацртот на закон за воздухопловство.

Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за воздухопловство при што ќе ги има во предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од

расправата на седницата на Собранието на Република Македонија .

Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, поднесените амандмани, како и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за транспорт и врски.

Предложениот заклучок го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 61 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок.

**Минуваме на точката 23-Национална стратегија за развој на информатичко општество**

Националната стратегија и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Кој бара збор?

Има збор господинот Дејан Кошутиќ, заменик министер за транспорт и врски.

**Дејан Кошутиќ:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,
На Светскиот самит за информатичко општество одржан во Женева во декември 2003 година, Македонската Влада се обврза да формулира национална политика за информатичко општество. Усвојувањето на ваков план претставува значаен чекор кон приоритетот на земјата за членство на Европската унија, а исто така претставува исполнување на прашањето еден од Поглавјето 19 од Прашалникот од Европската комисија ...

**Љупчо Јордановски:** Ги замолувам пратениците да бидат потивки. Сериозноста на оваа точка навистина е голема. Кој не сваќа или не сака да свати, а му се прави муабет, нека излезе надвор.

Повелете.

**Дејан Кошутиќ:** Благодарам.

Дополнително ваквата политика за користење на информатичко комуникациски технологии претставува неопходен составен дел на социјалните и развојните цели на Република Македонија. Националната политика за информатичко општество е клучниот патоказ и дава јасна визија за улогата на ИКТ во постигнувањето на главните национални и развојни приоритети. Како поддршка за земјата на нејзиниот пат кон интеграција во Европската унија и со цел потполно развивање на информативно комуникациските технологии во Македонија УНДП и Институтот "Отворено општество" - Македонија и помогнаа на Комисијата за информатичка технологија и на Владата на Република Македонија во формулирањето и изработката на Националната стратегија за развој на информатички технологии и општество. Преку еден сеопфатен и отворен консултативен процес беше артикулирана и преточена во Стратегијата една јасна и реална визија за улогата на ИКТ за човековиот и економскиот развој во Македонија, а засновано е врз реалистичка проценка за постојните капацитети, ресурси и потенцијал за користење на ИКТ во земјата. Во фазата на изработка беше формирана работна група составена од донесувачи на одлуки и експерти, претставници на владините институции, бизнис секторот, образовниот и научниот сектор и граѓанското општество.

Стратегијата и Акциониот план, усвоени од Владата на Република Македонија, имаат за цел да дадат упатство за спроведување на целите кои се засновани врз реална проценка на постојните капацитети, ресурси и потенцијали за подобрување на користењето на ИКТ во земјата. Исто така, обезбедена е и платформа за опсежна јавна дебата за можностите кои се отвораат со ИКТ преку олеснување на комуникацијата, размена на знаење, партиципацијата и економскиот развој.

Во функција на промоција и дискусија околу свесното имплементирање на Националната стратегија и Акциониот план, Комисијата за информатичка технологија под покровителство на претседателот на Република Македонија со поддршка на УНДП и ФИООМ, на 28 септември ќе организира голема меѓународна конференција за македонското информатичко општество "и - Македонија 2005", со работен наслов "За пораст и вработувања - исто така" (слоган на обновената Лисабонска стратегија на Европската унија во областа на информатичкото општество И 20101 е "За пораст и вработувања") што треба да помогне во ширење на македонската визија за развој на информатичкото општество.

Ова конференција е организирана со цел на неа да се говори за критичното прашање на земјата во однос на тоа како Информатичко - комуникациската технологија може да помогне во интеграцијата на Македонија во Европската унија и како таа да остане цврсто фокусирана на главната македонска и ЕУ стратегија: да гради и развива информатичко општество кое ќе вод кон пораст и нови вработувања.

Оваа Стратегија ги поддржува националните и локалните власти понатаму да ги развиваат информатичко-комуникациските технологии за да го подобрат економскиот развој. Поконкретно проектот ќе придонесе кон: воспоставување на сеопфатна национална стратегија за развој на информатичко општество во Македонија; кохерентни политики за сите сектори за нудење на електронски услуги кои ќе бидат унифицирани, стандардизирани, лесни за користење, со независна софтверска платформа и достапни до сите граѓани без оглед на нивното место на живеење и социјалниот статус; партнерства меѓу приватните компании, граѓаните, јавната администрација и невладиниот сектор.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине заменик министер.

Има збор пратеникот Драго Шајноски.

**Драго Шајноски:** Благодарам, претседателе.

Убеден сум дека Стратегијата за развој на информатичкото општество е тема по која сите ќе се согласиме, посебно за потребата од нејзиното донесување. Пораката која ја носи секоја стратегија за развој на информатичко општество, па и од оваа, може да се сведе на еден наслов од книгата на таткото на кибернетиката Норнбер Винет "Човечка употреба на човечките суштества". Секое користење на човекот за работи каде помалку се бара од него и помалку му се доверува отколу што е неговиот статус и капацитет значи деградација и растурање. Деградација е човек да се употреби како извор на енергија, т.е. како веслач или копач, но исто така е деградација да му се даде репетитивна работа во фабрика каде се бара повеќе од милионите дел од неговиот интелектуален капацитет. Но мора да сватиме дека тежок и долготраен е процесот на изградба на свет во кој поединецот ќе израсне до својот полн статус, во кој човекот ќе се формира како целосна личност и ќе може да зборуваме за негова човечка употреба. Тоа треба да е крајната цел на оваа и другите идни стратегии за обработка и употреба на информациите.

Оваа Стратегија сметам дека е добро скроена, но тоа не значи дека ќе биде добро и "сошиена". Денес кројките дури и кај кројачите се поедноставниот дел од работата бидејќи се користат искуства од целиот свет. Тие веќе не се тајна на занаетот, туку интелектуална новост во модата која е менлива со времето. Така и со оваа стратегија. Верувам дека оваа стратегија е правена по некои светски урнеци, земајќе ги во вид нашите специфичности. Кога на ова ќе се додаде и тоа кои експерти учествувале во нејзината изградба, нема никакви причини да се сомневаме во нејзиниот квалитет. Но до самото донесување на стратегијата, односно до моментот кога започнува шиењето, се уште не сме се судриле со реалноста и не сме потрошиле некои замашни суми на пари. Се плашам дека кога ќе почнеме да ја спроведуваме оваа стратегија во пракса, кога ќе почнеме да трошиме пари за неа и да очекуваме резултати од неа дека може да имаме проблеми, односно дека може лошо да ја сошиеме оваа одлична кројка, па да изгледаме смешно и бескорисно со така лошо сошиена стратегија.

Со оваа дискусија сакав само да нагласам дека усвојувањето на оваа стратегија не значи дека работата е завршена, туку работата треба да започне и дека претстои потешкиот нејзин дел - примената. Да се живее делотворно значи да се биде добро информиран. Што е информацијата? Чисто теоретски информацијата или информациите и пораките сами за себе се еден облик на структура и организација, па во секое множество од пораки т.е. структури може да се зборува дека постои ентропија. Како што е ентропијата мерка за дезорганизацијата на системот, така и информациите кои ги носи множеството пораки се мерка за организацијата на еден систем. Всушност информацијата која ја носи пораката може да се протолкува како негација на сопствената ентропија, т.е. доколку е пораката поверојатна, дотолку содржи помалку информација, и обратно. На пример, пораката: оваа Влада е корумпирана, е многу веројатна, па информацијата од таа порака е многу мала, никого нема да изненади. Но пораката: Македонија стана светски првак во фудбал е неверојатна или малку веројатна и кога некој ќе ја прими таа порака, тогаш информацијата за него ќе биде многу голема. Гледано од аспект на развојот на науката, информацијата е најчовечкиот поим со кој науката досега се сретнала. Информацијата е содржина на она што разменуваме со надворешниот свет додека му се прилагодуваме и додека влијаеме на него со нашето прилагодување. Процесот на примење и користење на информациите е процес на нашето прилагодување на случајностите во околината и на нашето настојување да живееме делотворно во таа околина. Потребите и сложеноста на современиот живот бараат се повеќе и повеќе од овој процес на информирање, т.е. нашите медиуми, музеи, научни лаборатории, библиотеки, училишта, универзитети, академии итн, мораат да ги задоволуваат овие потреби на овој процес или во спротивно ќе ја промашат својата функција. Многу е важно потребата од ваква стратегија сами да ја чувствуваме, а не да ја носиме затоа што некој го бара тоа од нас. Само во тој случај оваа стратегија ќе успее, само така ќе знаеме што, кога и како да направиме и со која цел тоа го правиме. Само тогаш не ќе треба никој да не турка нешто да направиме во тој процес. Само тогаш ќе имаме вистински успех бидејќи се прави нешто што го знаеме и чувствуваме дека неодложно ни треба. Тука нема задоволување само на форма, нешто да се има бидејќи е модерно. Тука има задоволување, поточно исполнување на егзистенцијална потреба, забавата тука е во втор план.

За посликовите да го претставам ова што претходно го кажав, т.е дека за делотворност предуслов е информираноста и дека најуспешни се тие што знаат што сакаат и го чувствуваат тоа, ќе ви раскажам нешто што го прочитав и ми остави длабок впечаток. Ме возбуди тоа како Инките покажаа дека во било какви околности постои најдобро решение. Знаејќи што треба да прават и што сакаат успеале да изнајдат начин како тоа да го прават успешно и да станат силна цивилизација во Јужна Америка. Инките живееле во Перу, а нивните цареви Видахоча, Пачахути и неговиот син Топа Ика, го прошириле царството на Инките кон Боливија, Чиле и Еквадор. И тоа била голема територија. Инките не знаеле ниту за тркалото ниту за писмото, а веќе било 15-ти век. Но затоа знаеле нешто многу битно за успех: знаеле што сакаат и изнашле начин како тоа да

го постигнат и без возила, и без букви, и без компјутери. Големите територии владетелите на Инките ги надгледувале преку развивање на мрежа на патишта чија должина изнесувала преку 30 илјади километри и постоела и во најзабатачените места. Власта седејќи во Мачу Пикчу воспоставила постојани врски со провинциските и месните службеници преку курири - тркачи. На патиштата на секои два и пол километри биле распоредени постојки во кои тркачите чекале да ги земат пораките што ги пренесувале понатаму до следната постојка. На ваков начин една порака можела да биде пренесена на далечина од 250 км на ден. Еве вака изгледала нивната стратегија за информатичко општество, која функционирала и давала резултати. Значи Инките на време сватиле дека да се биде успешен значи да се биде добро и навремено информиран, тоа е вечна вистина, а дали тоа ќе се постигне со компјутери, со тркачи или со нешто трето, тоа е работа на времето и е променлива големина која зависи од техничкиот напредок и посебно од владарите во тоа општество.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Шајноски.

Внимателно ве слушав, имавте доста поинаков говор, а и некои работи научив. Сепак имам еден мал коментар. Ако веќе информацијата за неуспешноста на оваа Влада, како што рековте вие, има голема веројатност и со таа неинформација, не знам зошто ја повторувате, бидејќи вашата лична ентропија тогаш се зголемува.

Повелете господине Макрадули, имате збор.

Една минута пред тоа, повелете господине Шајноски.

**Драго Шајноски:** Вака претседателе. Живите организми се негација на ентропијата. Секој жив организам е организација и подразбира помала ентропија.

**Љупчо Јордановски:** Ви посакувам долг и вечен живот!

(Со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието на Република Македонија, Слободан Најдовски)

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, колешки и колеги пратеници,

Човек кога размислува секогаш како ќе настапи мора да има во предвид и вакви настапи што ќе предизвикаат или ќе ја пренасочат дискусијата во друг правец но ќе се сложам со една од пораките што ја кажуваше господинот Шајноски а тоа е дека Акциониот план и имплементацијата на Акциониот план е клучниот елемент што ќе покаже дали ова што е тука напишано во 180 страници е она вистинското и видливоста на проектите ќе биде таква да можеме да зборуваме дека 30 експерти што учествувале и јавната расправа што го понудила е оној правец што сме го избрале.

Почитувани пратеници,

Како што реков пред нас е првата Национална стратегија за развој на информатичко општество предложена од Владата. Еден комплексен документ и затоа човек се размислува во кој правец да ја насочи својата дискусија како јасно, суштествено а во најголема мера едноставно да се претстави стратегија што зборува за иднината. Како прагматичен документ што создава инфраструктура во која сите ќе бидеме поврзани, достапни, транспарентни и одговорни или како јасна визија за образование што ќе не вклучи во светот на моќта на информациите, или како практичен создавач на услуги за граѓаните со кои тие би биле субјект на демократизирано општество или како сето тоа заедно и многу повеќе како национална визија за иднината, а таа, иднината би била и нејзиниот синоним.

Чинам полесно ќе функционираме доколку оваа стратегија овде имавме можност да ја претставиме во компјутерите што би ги имале овде во салата, тогаш ќе заштедевме и време и пари на печатењето на оваа стратегија. Многу полесно самите сме се наоѓале во ситуација кога некои податоци можеме многу полесно да ги пребараме доколку пред нас имавме електронска можност отколку да се "давиме" во тоните хартија овде што ја имаме. Затоа нема да држам еден долг технички говор. Ќе се обидам многу кратко да дадам некои поенти од оваа стратегија, но пред се која е смислата на вакво нешто и која е смислата на концептот наречен "информатичко општество".

За потребите зборуваше заменикот министер и обврските што ние како држава имаме да ги направиме, јас ќе додадам само уште една работа, а тоа е на 4 јули 2002 година, тогаш пратениците Замир Дика, Данило Глигороски и јас предложивме една декларација и Собранието усвои Декларација за забрзан развој на информатичко општество и дигитална економија во Република Македонија како национален приоритет. Тогаш работниот тим под покровителство на претседателот Трајковски изработи еден документ што ова Собрание го усвои и како дел од таа Декларација што ова Собрание ја усвои на 4 јули Владата потоа и формира Комисија за информатичка технологија, а еве сега ја исполнува обврската за изготвување на национална стратегија која што покрај нашите обврски, е обврска, како што рече и заменикот, пред Светскиот самит за информатичко општество и пред прашањето број е еден од поглавјето 19 од Прашалникот на Евкопската комисија. Условите во кои што денес општеството се гради се разликуваат од порано, пред се, тоа е заради различната економска сила што постои и го води светот.

Денеска, економската сила во светот ја сочинуваат технологијата и глобализацијата. Технолошките промени, а посебено дигитализацијата нудат алатки за кои што не се сонувало, да не речам 10, туку можеби пред пет години. Новата економија е глобална, зошто

знаењето не познава граници. Добрите економисти или добрите водачи на компании, а тоа го преточиле и во општествата, ја имале предвид мислата на Чег Велч, најпознатиот и најпродуктивниот директор на "Џенерал електрик", дека пазарот е немилосрден, или се менувате - или пропаѓате.

Или пак исто, неговата мисла, - кога промените во компанијата се одвиваат поскоро од промените во околината, тогаш знаете дека крајот е блиску.

Таа насока мораме да ја следиме како држава, бидејќи промените на глобален план одат во насока каде што не можеме повеќе да чекаме.

Развојот, или пак уште еден показател, ако ги погледнете 100-те бренда, најдобри брендови во светот, ќе се види дека покрај првата Кока Кола и две-три банки, другото се зборува за АИТ компании, Мајкрософт, ИБМ, Нокиа, до некаде 27-от. Воглвном, тоа се сектори од економијата што го придвижуваат модерниот економски тек.

Затоа, развојот на информатичкото општество што по некое време ќе го изгуби тој збор "информатичко", ќе се подразбира дека општеството има информатичко, како што денеска многу малку во светот се зборува за електронски бизниси, бидејќи веќе воглавном, секој бизнис е електронски. Развојот на информтичкото општество претставува една од приоритетните задачи на Владите на сите земји. Никој не го поставува прашањето дали треба или не треба општествениот развој да се базира на примена на информатичката и комунициската технологија. Туку, се поставува прашањето како тоа да се направи. Целта за сите земји е иста, но патиштата се различни. Визиите се слични, но мислите се различни.

Главната причина е во фактот што различни земји се наоѓаат на различно ниво на развој на информатичкото општество, било од аспект на техничка опременост, било од аспект на образовната структура. Или пак од аспект на степенот на трансформација на плучните сегменти во земјата. Или пак, како што рече господинот Шајноски, некои се влезени во целиот тој процес, но не знаат да го крстат или не знаат дека станува збор за информатичко општество.

За жал, за оваа област во јавноста има неколку дилеми или стереотипи: Дека е скапо, дека е недостапно, дека е комплицирано, дека тоа е само за богатите и дека не е време. Ниту еден од овие шест стереотипи или дилеми во јавноста не се точни.

Во една прилика, големиот ум Томас Едисон забележал дека причината поради која најголем број луѓе не ги препознаваат добрите шанси кога ќе се појават и поради тоа што тие често на работното место доаѓаат во работна облека, со што се ограничуваат само на работата што ја работат. Често пати шансата бара многу работа и подготвеност да се ризикува, а резултатот е неизвесен. Со текот на времето се доаѓа до точка кога шансата ќе мора да се прифати со сета нејзина неизвесност или пак може ноншалантно да и се заврти грбот.

Токму во овој момент Република Македонија е пред шансата наречена свет, на нешто што отишло доста напред, време на информатичка технологија, предизвик на новата ера, нешто што ќе не однесе на време онаму за каде што долго време го трасираме патот што води кон целта - Европската Унија. Во случајов, никој не може да каже кога е вистинскиот момент за една национална стратегија. Искуството покажува дека самите ќе знаеме дека е време да го направиме потегот, да се почувствува храброста, да се направи вистинското.

Денеска, информатичката технологија не се третира само како техника или техничка направа. Денеска, тоа е дел од економскиот сектор и тоа оној економски сектор што надоаѓа и кој сектор ќе биде во подем во наредните години. Сите истражувања покажуваат дека е тоа предуслов за она што можеби нас најмногу не мачи, економски пораст и нови вработувања.

Во истражувањата направени за Југоисточна Европа се предвидува дека софтвересkиот пазар до 2009 година ќе напредне за 18%. Дека во овој сектор ќе се појават 35 илјади нови вработувања, а дека државата ќе стане побогата за 500 милиони долари во 2009 година од производите или продуктите што би се продавале.

За тоа треба да го прифатиме предизвикот и треба да влеземе во еден нов концепт што не е работа на техника, туку е работа на економија и затоа Европската Унија, како посебен елемент од економската политика го третира тоа.

Во 2000-та година, само уште еден мал вовед, во 2000-та година Европската Унија, за да го надмине економскиот јаз помеѓу САД и Европа ја носи Лисабонската декларација, а во рамките на таа Лисабонска декларација информатичката и комуникациската технологија ја означува како клучна алатка во имплементација на таа стратегија. Таа стратегија на Европа и понуди 40% повеќе продуктивност, понуди учество во БДП, пораст во учеството во БДП од 4 на 8% и понуди нови работни места.

За да ја реафирмира истата таа декларација, новиот состав на Европската комисија ја подигнува информатичката и комуникациската технологија на уште повисоко ниво.На 1 јуни ја носи новата Платформа И - 2010, во која што констатира дека дигиталната конвергенција е реалност и дека новата платформа на Европската комисија за нови работи и зголемена продуктивност на економијата е таа што треба да ја води Европа во конкуренција со САД.

Оваа Стратегија е направена по сите теркови на светските препораки и светските искуства. Во неа учествуваа на мое големо задоволство, експерти од различни области и по тоа таа е единствена. Учествуваа претставници од сите четири универзитети, учествуваа претставници од Македонската асоцијација на информатички компании, од медиумите, од локалната

самоуправа, претставници од стопанските комори, од владините институции секако, сите чинители што можеме да ги најдеме и значат нешто во Република Македонија а можат да придонесат за изработка на една ваква, според мене, тука сум многу благодарен, квалитетна стратегија што почна целата таа атмосфера да тече или сите активности почнаа на 4 јули 2004 година.

Стратегијата има четири цели што смета дека треба да се реализираат, планира да се реализираат до 2007 година. Тие цели се: целосно либерализиран пазар на електронски и комуникациски услуги, а јас би додал реална конкуренција во телекомуникцискиот пазар, зголемен број на интернет корисници, нашата проекција е дека со мерките во Акциониот план можеме да зборуваме за интернет пенетрација од 30% наспроти сегашните, за жал 6%, воспоставени електронски сервиси и од страна на министрствата по две кон граѓаните и, за да има целото ова смисла, овој систем треба да биде одржлив.

За да биде овој систем одржлив, сметаме дека се потребни две или една клучна мерка, а тоа е поставување на сето ова во една легислатива, во една рамка што ќе ги дефинира и институциите што би се грижеле за оваа област и стандардизација на работите и формирање на посебно тело или фонд што би се грижел за овие работи. Мислам дека Министерството за транспорт и врски онака како што во костец се фати и со Законот за електронски комуникации и со Законот за радиодифузна дејност, мислам дека е кадарно да подготви еден закон во соработка, се разбира и со другите министерства, закон за информатичко општество што ќе ги отсликува сите потреби што се јавуваат во овој момент од областа на информатичката и телекомуникациската технологија.

Клучен елемент, како што луѓето кои учествуваа во оваа работа дадоа свој квалитет имаат и македонските информатички компании. Она што посебно сакам да го потенцирам дека во Македонија има критична маса на компјутерски компании кои се на светското ниво и на светското рамниште. Се покажале и до сега. Ним не им треба стратегија да покажат дека можат да прават проекти што ќе бидат компатибилни и квалитетни со светските искуства, но нивна задача е сега тоа знаење што тие го имаат и го примениле и менаџментот и новата организација во рамките на својата компанија да ја пренесат и на другите компании за да покажат и докажат дека со примена на информтичката и комуникациската технологија може многу попродуктивно да се работи, да чини помалку, а луѓето да бидат задоволни.

Се разбира, реков, клучен елемент во сето тоа се луѓето. Глобализацијата во економијата денеска ги тера компаниите, да ги реорганизираат како својот структурен, така и финансиски план, да бидат што поконкурентни, да достигнат повисоко ниво на способност, но клучното влијание мора да го насочат кон својот капитал, хуман капитал, а тоа се луѓето. Се покажало дека едукацијата, вложувањето во едукацијата, или зголеменото вложување во едукацијата за 10% ја зголемува продуктивноста за 8,6%. Додека вложување 10%, зголемено, во капитална опрема, носи продуктивност само 3,4%. Или, ако го цитирам оснивачот на компанијата Сони Акио Морита - Нема трајна формула за јапанските компании, ни теории ни планирања, ни Владата не може да доведе до таков успех. Тоа е резултат единствено на работата на луѓето. Значи, иднина немаат оние кои знаат, туку оние кои сакаат да учат. Затоа, мораме посебно внимание да посветиме на знаењето, образованието и тоа е составен сегмент на било која стратегија, посебен приоритет во Европската комисија.

Ние мораме да создадеме општество што ќе не научи да ги прифаќаме промените, да се куражиме на експериментите, да го поврзуваме успехот со неуспехот, да учиме од околината, да го збогатуваме знаењето на своите вработени, да ги наградуваме оние кои сакаат да учат, да имаме јасни и чисти цели и да се грижиме за нив.

Затоа, знаењето и акциониот план имаат посебен сегмент во образованието. Ме радува што знаедно со Министерството за транспорт и врски и Министерството за образование и наука е предлагач на оваа стратегија што во овој момент изработува една поширока стратегија за примена или за нов поглед на образованието во Република Македонија, каде што се предвидува, веќе од четврто одделение да се започне со изучување на информациската и комуникациската технологија.

Втор концепт што сакам да го истакнам од оваа стратегија, се разбира не би сакал сите да ги правам различни по квалитет или по значење, тоа е концептот на електронска Влада. Посебен сегмент во рамки на стратегијата има електронската Влада. Концептот на Е-Влада како техника или технологија што не значи само вклучување на нови технички средства во работата на луѓето, туку значи и нов начин на функционирање или одликување на функционалностите помеѓу владините институции. Секоја одговорна и демокртска влада мора да се залага за поефикасна и потранспарентна работа на администрацијата, со луѓе ориентирани кон корисниците, постигнување на стандарди на квалитет на живеење, економски и социјален развој. Тоа се само некои од придобивките што по дефиниција ги нуди концептот Е-Влада. Овие придобивки нужно водат кон препознавање на информатичката и комуникациската технологија како приоритет што ќе ги интегрира и другите стратешки приоритети на Влада на Република Македонија.

Затоа, мене ме радува што во стратешките приоритети Е-Владата во рамките на информатичкото општество е еден од приоритетите на оваа Влада.

Тоа што беше кажано, можеби како коментар од претходната дискусија, Е-Владата и информатичкото општество е скап, долг и ризичен процес. Тој е реформски процес на трансформација. Често се бори со трошоците, ризиците, отпорите, различните интереси и административните пречки. Често има недостиг на средства, ресурси и знаења. Некои проекти можат да бидаст неуспешни. Затоа, потребна е многу позитивна енергија, многу знаење, напори, време, и значителни средства за креирање погодна околина за имплементација на овој концеп. Но пред и се, како што беше кажано, цврсто лидерство од највисоките државни институции.

Ние ја имаме  таа среќа во овој момент да исполнуваме еден од условите при изработка на квалитетна стратегија, што покажува светската пракса, а тоа е Стратегија изработена од Владата на Република Македонија, изгласана во Собранието на Република Македонија , а сето тоа под покровителство на Претседателот на државата. Мислам дека таа концекција, таа врска ја направивме и онака како што рече заменикот министер господинот Кошутиќ на 28-ми, пред светските донатори и луѓе кои се во оваа област ќе ја промовираме нашата Стратегија односно Претседателот на државата ќе ја промовира нашата Стратегија.

За крај, дозволете ми само да цитирам неколку мои колеги кои се дел од тимот од 31 експерт кој работеше, ја имав таа привилегија да можам да бидам во тој тим, со нашиот колега Ејуп Рустеми овде и многу други лица и да бидам, условно кажано, прв меѓу еднаквите, меѓу сите кои учествуваа во сето ова, но би сакал да цитирам некои работи што тие ги кажаа по повод оваа стратегија.

Од ова дека ова не е прв обид да се направи ваков документ, можеби не е најдобар, но извонреден показател за тоа каде сме и што сакаме да направиме, да се најдеме чекор поблиску до  нашата цел. Или пак Националната стратегија за информатичко општество ни даде уште поголема желба да истраеме во процесот на дистигнување на светските искуства, свесни дека само така нашите визии за развој можат побрзо да се преточат. Иницирани од неа, Општина Велес веќе е во фаза на донесување на стратегија за вовењдување на електронска општина како дел од определбата на сите граѓани да им се понудат современи, брзи и ефтини услуги во секое време.

Или, да го цитирам колегата Данило Глигоровски, Стратегијата ја предлагаше работна екипа во која се создаде прекрасна синергија. Би бил среќен кога барем 25% од неа би било реализирано.

Стратегијата е одлична, само што мора да се спроведе поскоро и практично сите го насочуваат својот приоритет кон Акциониот план и кон имплементацијата на овие проекти што се дадени иво прилог на оваа Стратегија.

Ви благодарам за вниманието, се надевам дека ќе ја поддржиме оваа Стратегија.

Благодарам.

(Со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието, господинот Слободан Најдовски).

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Макрадули.

Има збор господинот Китаноски Илија.

Повелете господине Китаноски.

**Илија Китаноски:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитувани колеги, ставот на Пратеничката група на ВМРО  ДПМНЕ е генерално дека навистина немаме круцијални забелешки или не дај боже неприфаќање на стратегијата. Напроти, кога сето ова што е предвидено во стратегијата би се остварило, навистина би претставувало голем чекор во развојот на Република Македонија, во нејзиниот целокупен развој.

Нашите главни забелешки се упатени кон оние кои досега требаше да направат нешто повеќе во имплементирање на оваа стратегија, иако сега ја имаме како официјална верзија. Меѓутоа, многу нејзини сегменти досега требаше да бидат во понапредната фаза.

Главните забелешки се состојат во непочитување на роковите за што треба да се имплементираат, поради несериозниот однос на постоечката гарнитура на власт кон имплементација на оваа Стратегија, заради неодговорен однос на Владините службеници, кон претставниците на Светската банка и другите фондови и претставници и на крајот со тоа и на имиџот на државата.

Забелешките се исто така упатени и на неподготвеноста на владеачката гарнитура да ги реши главните причини за спорото имплементирање на делови од оваа стратегија за забрзан развој на информатичката технологија во Република Македонија .

Како што колегата Макрадули предходно кажа, јас ќе повторам дека навистина во мај 2002 година пратениците на ВМРО - ДПМНЕ, господинот Данило Глигороски, на СДСМ господинот Јани Макрадули и на ДПА господинот Замир Дика поднесоа до Собранието на Република Македонија  Декларација за забрзан развој на инфорамтичкото општество и дигиталната економија во Република Македонија како национален приоритет и таа речиси едногласно беше усвоена.

Во таа декларација детално е објаснето што треба да се направи во наредниот период за забрзан развој на информатичкото општество.

Една од точките беше формриање на Комисија за информатичка технологија, како владино тело, кое во најкраток временски период ќе изработи стратегија

за развој на Република Македонија, како информатичкото општество, оваа стратегија која

сега ја гледаме. Комисија која ќе претставува предлози за проекти во сите сфери за информатизација на општеството. Согласно таа стратегија до Владата на Република Македонија, која што пак со таа стратегија ќе ги реализира тие проекти, односно ќе создава услови за нивна реализација.

Веќе во пролетта во 2003 година, се формира таа Комисија и за нејзин претседател беше назначен господинот Јани Макрадули. Во тој момент се чинеше дека, точките кои што беа зацртани во Декларацијата ќе бидат ефикасно реализирани од страна на СДСМ, меѓутоа, мора да се констатира дека се застана едноставно, со формирање на таа Комисија и требаше да се чекаат странски спонзори, за да ја поттурнат работата, а Комисијата да се доекипира со членови експерти и еве конечно, после двипол години да подготви документ, стратегија, која ќе се однесува за периодот до 2007 година.

Значи сепак, се чекаше да поминат цели три години да се изготви некаква стратегија, која што пак, од своја страна покрива период од неповеќе од 2-3 години и се поставува прашање дали после 3 до 5 години ќе правиме нова стратегија, бидејки навистина, се работи за стратегија. Самиот збор кажува дали е стратешки да се прави стратегија за 2-3 години, или таа треба да се однесува сепак, на еден подолг временски период.

Значи, од досегашното искуство од оваа мала предисторија на овој документ што го имаме сега се надѕира и начинот и крајот што го имаме во документот и ефектот од предлагањето и како за стратегија е доста краткорочен и однапред дефиниран, а тоа се гледа и од Акциониот план каде што доста непрецизно се наброени проектите кои треба да се реализираат во наредниот период, а се составен дел од стратегијата. Да бидам појасен, значи од вкупниот број на проекти и активности, вкупно 104 на број, со предвидена вкупна вредност 77 милијони евра, 12 се предвидени да се реализираат непосредно пред изборите, значи до 2006 година, со политичка цел, уште еднаш, по којзнае кој пат да се заведат македонските граѓани дека еве Владата имплементира крупни проекти од национален интерес и така натаму.

Значи, 15 проекти и активнсоти се предвидени после 2006 година, а најголмиот дел од тие проекти, значи 77 практично, по квалитет и обем, можеби значајни за имплементирање на стратегијата, се оставени без одреден рок за нивно спроведување.

Сакам да истакнам дека ВМРО-ДПМНЕ со сите свои ресурси и потенцијали сите испуштени и нереализирани проекти со стратегијата ќе ги спроведе и ќе ги реализира во периодот од 2006 година после парламентарните избори.

Според ВМРО-ДПМНЕ главните причини за второто имплементирање на стратегијата за забрзан развој, за сегментите кои ја сочинуваат неа и како формален документ ќе повторам, дека за прв пат ја гледаме сега, пред се, се недостапноста на интернетот до секое семејство во Република Македонија, воопшто компјутеризацијата на општеството, пред се, се мисли на инфраструктурата и опременоста со компјутери и така натаму.

Развојот на инфорамтичкото општество е оневозможен со тековните цени на интернет. Основен кочничар за намалување на цените е тековната политика на владеачката гарнитура со невоведување на конкуренција на фиксната телефонија, а еден вид на еднонасочна соработка со челните луѓе на "Телекомот" и сето тоа на штета на граѓаните, на штета и на спроведување на оваа стратегија.

Исто така, една од забелешките е и малата застапеност суштинска, на приватниот сектор во самата стратегија. Сметаме дека доста декларативно се забележува учеството на приватниот сектор и дека носител на изработката и развојот, сепак треба да се даде на приватниот сектор.

ВМРО-ДПМНЕ се залага напорите за приклучување на Република Македонија воп модерните текови на инфорамтичкото општество да се водат плански, систематски и постојано. Тоа ќе се постигне, единствено, со формирање на владина агенција за информатичко општество кое во зависност од обемот на работа ќе може да прерасне во независна агенција за информатичка технологија.

Исто така важен предуслов за имплементирање на стратешките цели е и донесување на легислатива, која што ќе биде во согласност со Меѓународните конвенции и договори кои што Република Македонија ги има ратификувано, или има пристапено кон нив, а од особена важност е донесвуањето по неше мислење на следните закони: Законот за електронска трговија, потоа пакет на закони и законско уредување на работата од далечина и озаконување на купувањето преку интернет.

Причините поради кои што, ќе се обидам накратко, во неколку точки да ги набројам, поради кои што е битно донесување на овие, или на вакви слични закони се повеќе. Прво, заложбите на Република Македонија за приближување кон стандардите на Европската унија и обезбедување на економски и социјален напредок, слободно движење на добра и услуги кои налагаат развој на инфорамтичкото општество. Потоа, развојот на електронската трговија. Инфорамтичкото општество овозможува значајни можности за соработување. Освен тоа што на граѓаните на многу лесен и пристапен начин ќе им се овозможи да набавуваат она што нормално го набавуваат со физички активности, значи овозможува значајни можности за вработување, посебно во малите и во средните претпријатија, генерално го стимулира вкупниот економски развој и инвестициите, ја зголемува конкурентноста на претпријатијата и исто така

обезбедува зголемување на достапноста на интернет.

Развојот на инфорамтичкото општество наидува на голем број пречки вградени во постоечките закони, кои што треба да се елиминираат со измени на тие закони, онаму каде што е тоа можно, или онаму каде што е потребно поголема интервенција, или поголеми измени, донесување на нови закони од таа сфера.

Услугите на инфорамтичкото општество покриваат широк домен на економски активности, како што претходно кажав, економската продажба на добра, склучување договори по електронски пат, комерцијална комуникација, инфорамција преку компјутерската мрежа и така натаму.

Исто така, овие услуги треба да обезбедат ефикасна заштита на јавниот интерес, и затоа треба да се обезбеди компетентен авторитет кој ќе обезбеди заштита на граѓаните. Пазарните комуникации се исто така суштински за финансирање на услугите на инфорамтичкото општество и за развој на широк опсег на нови бесплатни услуги.

Покрај постојните проекти и активности што се опфатени со стратегијата, ВМРО-ДПМНЕ предлага и следни активности и проекти кои што исто така ќе дадат свој придонес.

Како прво, донесување на видливи и значајни мерки за намалување на цената на интернет пристапот во Република Македонија, што автоматски ќе значи зголемвување на бројот на корисниците на интернет.

Исто така, поврзување на сите гранични премини на Република Македонија во еден централизиран информационен систем, кој од своја страна ќе биде поврзан со информациони системи на Европската унија.

Ова е еден од клучните предуслови граѓаните на Република Македонија да бидат ослободени од понижувачкиот визен режим, кој ја претвори Република Македонија во еден голем виртуелен затвор.

Понижувачкиот однос кон граѓаните на Република Македонија кога се работи за визи, за излегување надвор од државата, придонесува, огромен број на граѓани да бараат државјанство во други држави. Тој процес е директен удар и врз македонските национални интереси и мислам дека оваа работа треба да биде една од главните приоритети на Владата и содржано е сигурно и во оваа стратегија, меѓутоа, многу малку е сторено на конкретен план.

Потоа, сите подрачни единици на Министерството за внатрешни работи да ја компјутеризираат својата работа до тоа ниво што секој граѓанин на кого му требаат лични документи од наедноставен тип, како што се извод од матична книга на родени, венчани, умрени, потврда за жителство, потврда за државјанство да можат на овој начин да ги вадат документите најмногу за десетина минути. Пријавите за таквите документи, нормално, ќе можат да се прават и преку интернет.

Исто така, и преку интензивна соработка со државните универзитети во Република Македонија да се започне со инвестиционен циклус за отворање на технолошки центри на овие универзитети. Потоа, подигање на услугите што јавната администрација им ги нуди на граѓаните на ниво што е дефинирано со стандардите. Тоа подразбира посериозни инвестиции во компјутерските опремувања на јавната администрација, како и подигање на нивотона знаење на вработените во јавната администрација на едно ниво, кое што е вака или така дефинирано со стандарди. Исто така, подигање и на свеста на сите одговорни во јавната администрација, на сите директори во јавните институции, за потребите од забрзана информатизација во нивните сфери на делување и одговорност, освен преку набавка на технологија и преку интензивни семинари, обуки дворк-шопови работилници.

Потребно е исто така, во еден догледен период воведување на иеџер картички, односно единствен медицински картон, или нова здравствена легитимација во форма на џип картичка, што во овој момент можеби се гледа како една далечна иднина, меѓутоа, начин и можност која што нависитна ќе направи и подлабоки реформи во здравствениот сектор, на која што покрај сите други податоци ќе постои можност за архивирање буквално, на сите податоци на пациентите од самото нивно доаѓање. Исто така, воведување на веппортал со можност за интернирање на пациентот во сите сфери на здравствената заштита, информација за достапноста, нарачување и резервирање на одреден лек, помагало, преглед, резултати, закажување на термини и така натаму.

Потоа, во судството, воведување на документ менаџмент системот, што ќе значи нормално поефикасно судство, помали можности за манипулации, поголем квалитет на судовите, воспоставување на комплетна дигитализација на Катастарот во Република Македонија и негова објективна компјутеризација на ниво на давање информации и услуги.

Секако дека, овој процес и сите овие работи кои што се набележани и оние кои што не се, а можат да бидат составен дел на оваа стратегија е процес кој што не е лесен, не е ни брз, ни едноставен. Има доста потешкотии до остварување на нашата заедничка цел и имплементација на стратегијата. За тоа е потребно цврста решеност, транспарентна и одговорна Влада и тоа е решение за надминување на сите проблеми. За жал, во овој момент во Република Македонија таква Влада не постои и затоа, дозволете ми да ја искажам својата резерва во однос на имплементација на оваа стратегија. Инаку, уште еднаш ќе повторам, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, ќе ја поддржи оваа стратегија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Китановски.

Три минути реплика за господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе, дел од проектите што ги кажуваше господинот Китановски ги има овдека на страница 109 проектот ПР-3,34 дигитален катастар во Република Македонија, на страница 139, проектите од информатичкиот систем во здравствените установи, картицата, проектите, П-5,06, П-5-07, сега ги има во стратегијата и нормално, тие се едни од приоритетите за цела држава, не зборувам за конкретна влада. Мене ми е мило што во работната група се создаде една таква атмосфера кога без политизација е направена таква атмосфера е направена оваа стратегија и е базирана на реални претпоставки, со големо учество на приватниот сектор, претставени преку македонската асоцијација на АИТ Компани со нивни претставници и интернет сервис провајдерите преку ОМНЕТ беа претставени две стопански комори, кои беа внатре во тимот, така да, од тој аспект е исполнет и она што зборуваше за Агенцијата, јас сум еден од поборниците таа Агенција да биде првата јавно приватна установа во Македонија, која ќе биде дефинирана, која ќе се грижи за оваа работа.

Втора работа што сакам да кажам, што можеби ќе добие политички призвук, еден од стериотипите е тоа што кај нас интернетот е скап. Не, кога интернетот е во рамки на телефонскиот импулс, тогаш ни се чини, дека е скап. Скап е телефонскиот импулс, за што некој овој Телеком го продаде на начин како што го продаде и затоа да не зборуваме за интернет кој не е скап. Но она што во џела Европа и цел свет е битно, не е битна цената, битна е содржината. Да им понудиме на граѓаните содржина. До колку тој може да си ја заврши некоја работа како што до крајот на година ќе може да добие информација било од кое минситерство за некоја процедура, дозвола, или пак ќе може да си закаже да може една лична карта да подигне, или пасош по електронски пат, тогаш нему во споредба со турканиците во јули и август, цената нема да му е битна. Затоа, содржината е приоритет и оваа стратегија се базира на содржина и изработка на проекти кои ќе им понудат на граЃаните сервис и услуги и на тој начин да ги надминеме и да ги намамиме да користат повеќе технологија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Макрадули. Една минута контра реплика пратеникот Илија Китановски.

**Илија Китановски:** Јас и во моето излагање кажав дека некои од проектите се содржани во стратегијата, така да, мислам во тој дел само како појаснување, не како реплика. Немам ништо да реплицирам, затоа што ништо од тоа што го кажа господинот Макрадули не ме демантира, туку кажа дека тие проекти се содржани во стратегијата. Јас само изразив сомневање, нормално, човечко за имплементацијата на тие проекти, за брзината нивна, тргнувајки од досегашното искуство и втората работа, интернетот преку телефон, навистина, за обичните граѓани тоа е начинот со кој што најбрзо се запознаени за услугата интернет. А тој како и зошто го продал Телекомот, воопшто не е оправдување за сегашната Влада да дозволува, заради некои свои интереси.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Китановски.

Повелете господине Петров.

**Каме Петров:** Почитуван господине потпретседателе, почитуван господин заменик минситер, почитувани колеги и колешки пратеници,

Уште на почетокот на мојата дискусија во однос на националната стратегија за развојот на информатичкото општество, имам намера да направам неколку дигресии. Но дигресии не во поглед на темата за која расправаме денес и за тоа мислам дека потпретседателот на Собранието може да биде спокоен дека цело време ќе се држам во рамките на темата за која што разговараме, а дигресиите се од лична или од политичка природа.

Имено, во една прилика, во една моја дискусија реков дека секогаш се обидувам, или настојувам да го реализирам принципот, да говорам за точките кои се сосема блиску до мојата професија. Тоа беше во расправата за Предлогот на законот за електронските комуникации, кога изнесов некои мои согледувања. Еве и денес, по втор пат завлегувам во една блиска област, слободно кажано во тема од техничките науки и струки, но и тогаш, како и сега ќе настојувам да се задржам на нормативно правниот аспект во однос на овој документ.

Понтаму, ако во одредени моменти се послужам со примери од токму таа техничка област, тоа ќе го направам затоа, за што тоа се компактибилни материи, односно составни делови на едно инфорамтичко општество.

И на крајот, значи како трета дигресија, сакам особено да изнесам дека ако некој носител на функција се препознае низ мојата дискусија, тоа не треба да се свати дека е лично, ниту како некое мое фаќање на некоја страна, како обид за мое позиционирање и слично, туку само како маркирање на одредени проблеми, кои под итно треба да се надминат, ако сакаме современ и успешен развој на информатичкото општество во државата.

Затоа, најпрвин сакам да кажам дека во врска со изготвувањето и донесувањето на оваа стратегија за информатичко општество, очекував, и еве тоа се покажа дека добар дел од колегите, од колешките, тоа бездруго, го поврзуваат со нашите чекори, со нашите активности кон евроинтеграциите на Република Македонија, со потребата од исполнување на европските стандарди и така натаму. Тоа е така, тоа е факт.

И секако дека е добро што тоа е факт. Меѓутоа, добро е да го кажеме и фактот дека сите овие документи, меѓу другото овде директно или индиректно спомнати од некои наши колеги, а утре преточени во некои закони, сепак првенствено ни се потребни нас. Не само за нашите институции, туку првенствено заради нашите граѓани.

Документот, иако разбирливо и нужно има звучно име-Национална стратегија за развој на информатичкото општество, тоа дефакто, е сепак толку добра работа, дури и не толку апстрактна, јас мислам секојдневна, така што во годините што следуваат, мислам дека секој граѓанин во нормалниот живот, низ барањето и добивањето на било какви документи ќе ги решава своите лични и семејни потребни   проблеми.

Еве, во тој прилог сакам да истакнам само еден сегмент дека спроведувањето на Стратегијата, донесувањето на законите предвидени со неа и со нивното извршување во идеален поглед ќе се овозможи граѓаните на шалтери или преку компјутер да можат да ги поднесуваат своите барања. Сите други потребни документи би се пренесувале низ информатичките системи што значи дека конечно граѓаните, да го поедноставам тоа, нема да мора да ја вршат улогата на курири низ институциите на државата, а истовремено и низ единиците на локалната самоуправа.

Така јас од мојот аспект ги гледам и сакам да ги толкувам работите предвидени со оваа стратегија.

Наспроти тоа овој мој обид или вакviот мој став не значи дека сакам да ја поедноставам работата од областа предвидени со Стратегијата за развој на информатичката технологија. Напротив, сметам дека пред нас имаме еден сеопфатен и исклучително квалитетен документ кој главно почива на седум главни столба кои пак секој од свој аспект го третира развојот. Секако во тоа суштинска улога има Агенцијата за информатичкото општество што беше спомнато сега, но особено со остварувањето на нејзината независност и одржливост што е суштинска работа во функционирањето на добар дел и со тоа искажување на јасна политичка волја во Република Македонија за поддршка на растот на информатичкото општество.

Меѓутоа, во рамките на имплементацијата на Стратегијата, а особено во рамките и на подготовката на претстојните закони од оваа област, па и од сите области наведени во овој документ, мислам за сите структури и институции посебно внимание треба да обрнат на неколку важни работи.

Прво, според она што може да се заклучи од Стратегијата и од пошироките информации можам да претпоставам или да се заложам дека сепак стратешки лидер на реформите треба да биде Владата на Република Македонија под раководство на премиерот на Владата на Република Македонија. Ако е така, а мислам дека не грешам и по втор пат, тоа значи дека тоа имплицира итни активности за промена на одделни отворени клаузули во одделни закони.

Второ, мислам дека сите надлежни министерства, а тие се набројани во самата стратегија, треба најсериозно да ги проанализираат проектите и стратешките обврски и да подготват предлози за измени и дополнувања на закони за да се овозможи ефикасност во исполнувањето на своите обврски. Ова, особено на пример се однесува на унифицираната дигитална ИД картичка со вграден идентификационен и сигурносен механизам, со меморија која долгорочно ќе ги замени да речеме како што спомнавме здравствените легитимации, возачките дозволи и другите лични документи.

Трето,поради сето што досега го кажав, значи според сето досега речено, постои латентна можност, ај да не кажам опасност, секое министерство да го покрие делот за кое е директно повикано. Ова дотолку повеќе што во стратегијата постојат поглавја кои ги пренесуваат основните принципи и заложби т.е. претставуваат основа за практите апликации во секое од министерствата. како на пример поглавјето за легислативата како штго спомнавме, потоа поглавјата за одржливоста, што е особено важно и да речеме  за граѓаните.

Дека сите овие можности, поточно опасности постојат и дека се реални ќе наведам некоклу практични искуства или еден наш типичен пример на веќе донесен закон од оваа област, без чие реализирање мислам, неможе ниту да се замисли функционирањето и на оваа стратегија за информатичко општество.

Имено, познато е дека ние веќе го донесовме законот за електронските комуникации. На предлог на Комисијата на прашањата на изборите и именвуањата, Собранието на Република Македонија донесе одлука за именување на петчлена комисија за електронските комуникации. Според мене, но и според членовите на ова наше собраниско работно тело, оваа Комисија е составена од врвна експертска структура. Претседателот на Комисијата, не го кажувам тоа јас, туку можете сите да прочитате е еден од носителите на подготовката на оваа стратегија, за која денес расправаме. Согласно актите, извршен е избор на директор, според моите сознанија исто така исклучително квалитетен човек. Но согледувањата и искуствата покажуваат дека денес ја имаме следнава практична ситуација. Согласно нашите дотогашни активности и активностите на комисијата и директорот, извршен е упис на Агенцијата во судскиот регистер зошто таа формално е основана. Кон тоа да потсетам, Агенцијата исто така независно, посебно Комисијата регулаторно тело во облста на електронските комуникации која работи врз основа на одржливост,значи предвидена со Законот за електронските комуникации, се предвидува и денешнава стратегија за

информатично општество, значи врз основа на самофинансирање.

Според тоа, Агенцијата треба да ги спроведува одредбите од Законот за електронските комуникации. Преку нејзините односи и дејности на останатите вработени, се спроведуваат врз останатите вработени, се спроведуваат одредбите од Законот за работни односи и нормативни акти, нели велиме само финансирање, а не Законот за државни службеници. Согласно Законот за електронските комуникации, рековме врз оваа Агенција не се применува законот за државни службеници што утре со донесувањето на Законот за информатичко општество ќе биде аналогно на законски применето и за останатите вработени во Агенцијата за информатичко општество. Ако сакате да се уверите во тоа, погледнете ги само членовите 19 и 145, ставовите 7 и 8 од донесениот закон објавен во Службен весник број 13 од 2005 година. Ќе се уверите дека овие мои констатации и квалификации се точни. Дури ќе добиете потврда дека оваа Агенција е правен следбеник на Управата за телекомуникации и дека таа, значи, Агенцијата за електронските комуникации ги презема основните средства и вработените од оваа поранешна управа.

Според тоа, агенцијата (или сите овие агенции) не се акционерски друштва или други приватни трговски друштва. Нема потреба никој во оваа држава да стравува или да се сомнева дека таа или тие ќе остваруваат приватни профити, дивиденди и слично. Тие ги вршат дејностите што се составен дел на едно информатичко општество. Тие ги вршат работите што претставуваат интерес за државата, на граѓаните или на јавниот интерес, попрецизно кажано, од нејзината законска дејност.

Но, бидејќи Агенцијата, надвор од основниот матичен закон е предвидена со буџетски закони, значи формално не го добила статусот на независно, самостојно регулаторно тело, денес во неа нема ниту вработени, ниту вработените од поранешната управа можат да бидат преземени. Затоа мислам дека се нужни итни измени, интервенции во дел од законите и законите што претстојат. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Петров.

Има збор господинот Коста Прешоски.

**Коста Прешоски:** Почитуван потпретседателе, почитуван заменик министре, колеги пратеници,

Многу е ташко да се зборува после едно сестрано и моше аналитичко излагање кое пред малку овде го имаше пратеникот Макрадули.

На дневен ред ја имаме Стратегијата за развој на информатичкото општество, еден навистина квалитетен документ кој верувам ќе биде поддржан со консензус од страна на сите пратеници во овој Парламент.

Прашањето за развој на информатичкото општество е едно од најважните и приоритетни задачи на владите на секоја држава.

Врз основа на понудената стратегија, на Стратегијата што е пред нас, општествениот развој на една држава без сомнение ќе зависи од примената на информатичко-комуникациските технологии и оттаму од успешната примена и имплементација на Стратегијата за развој на информатичкото општество ќе зависи каде ќе се најде Република Македонија во иднина.

Нашата држава во овој момент има определено ниво на развој на информатичкото општество, но недоволно и, за жал, на многу ниско ниво споредено со развиените земји од Европската Унија, било од аспект на техничката опременост или образовната структура и слично.

Затоа верувам дека зо имплементацијата на овој документ, Република Македонија ќе се придвижи кон инфорамтичкото општество, за што е потребно ангажирање на сите релевантни и клуни субјекти во нашата држава.

Тоа е причината што оваа стратегија ја разгледуваме и ние, при што не се сомневам дека и ќе ја усвоиме.

Документот е поделен на две целини: Стратегија за развој на информатичкото општество и Акциониот план. Од друга страна Стратегијата е поделена на седум подрачја, меѓу кои и делот за образование. Во мојата натамошна дискусија ќе се задржам накратко на ова подрачје. Таа ќе се разликува од дискусиите на претходните дискутанти со тоа што ќе задира во текстот на овој документ од аспект на констатирани проблеми и предложени цели, насоки, препораки за нивно надминување.

Во Националната стратегија за информатичко општество за образованието се определени насоките за развој и целите на образованието во функција на поддршка на информатичкото општество.

Значи, во документот образованието се третира како клучен сегмент за поддршка на развојот на таквото општество. Во овој сегмент треба да биде најбитната алка во промоцијата на информатичкото општество во создавањето на стручни и компетентни кадри кои ќе можат да одговорат на предизвиците на информатичкото општество и економскиот раст во нашата држава.

Ќе имаме развиено информатичко општество и економија ако имаме соодветно квалификувани лица. Исто така од примената на информатичко-комуникациските технологии во образованието директно ќе зависис квалитетот на самиот наставно образовен процес.

Од друга страна јасно е дека реализацијата на целите псотавени во стратегијата во делот на образованието е условена од степенот на опременоста на образовните институции со потребниот хардвер и софтвер и поврзаноста со интернет.

Во стратегијата подеднакво значење му е дадено на техничкото опремување на образовните институции од една страна и едукацијата на наставниот кадар, новата организација и новото менаџирање на образовните процеси во образовните институции од друга страна.

Главен приоритет во делот на целите на образованието е дадено на едукацијата на наставниот кадар. Во овој дел посебен и подеднаков третман е даден на наставниците кои ги предаваа предметите од информатичко-комуникациските технологии и наставниците кои треба да ги применуваат информатичките тејнологии во изведувањето на наставно-образовниот процес.

Исто ака во стратегијата се предлага воведување на информатичко-комуникациска технологија во пониските одделенија на основното образование и во сите години на средното образование.

Посебен осврт е даден и на примената на информатичко-комуникацискаста технологија во стручните училишта и тоа како алатка за извршување на работните задачи соодветни на струката.

Во овој документ, по мое мислење, успешно се лоцирани проблемите во врска со информатичко-комуникациската тхенологија во образованието (основно и средно) и тоа за: наставните планови, програми и учебници, за наставната, односно за учениците и наставниците, опремата како и интернет конекциите.

Понатаму, даден и се целите и насоките, а се со цел модерното образование да биде така организирано, што посебно учениците да можат да стекнат солидна информатичка писменост и култура.

Поитувани пратеници, живееме во време кога секој граѓанин ги користи услугите на компјутерите и комуникациската технологија, без разлика на струката и професијата.

Живееме во време кога интернетот е алатка за добивање на информации на ској наставник, бизнисмен, ученик, работник и така натаму. Од тие причини во документот се дадени препораки за воведување на нови модели на настава и учење со користење на информатичко-комуникациските технологии и тоа почнувајќи од раните училишни години.Исто така како резултат на воочените проблеми во образовниот процес, предложени се мерки во насока на модернизација на образовниот процес.

Посебно внимание е посветено на новите курикулуми, како во основното така и во средното образование и тоа одделно по информатичките и неинформатичките предмети.

Да констатирам дека станува збор за подрачје на кое му е посветено посебно внимание и а кое може уште многу да се зборува, а уште повеќе ако се зборува за стратегијата во целина.

Овде ќе ја завршам мојата дискусија и да кажам дека ќе го поддржам усвојувањето на овој документ. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Прешоски.

Повелете господине Рустеми, имате збор.

**Ејуп Рустеми:** Ви благодарам почитуван претседателе, почитуван претставник од Владата, почитувани колеги пратеници,

Развојот на информациските општества и комуникации се нови предизвици и неизбежни за економскиот и социјалниот развој на една земја.

Апликацијата  на информатичката технологија и комуникациите можат да се најдат во низа јавни и приватни сектори како во бизнисот, јавната администрација, училиштата, болниците и др. Тогаш на начинот на работењето ни се наметнува радикално решение во вршење бизнис. Истражувањата и спроведувањата на проектите и иницијативите засновани во информатичкото општество увидуваат потенцијали и можности кои ги носат со себе. Тие нудат можности за добивки во сите области од животот како во подобрување на приватните и јавните услуги, глобалната услуга на сознанијата и информацијата, виртуелна комуникација, обуката, економски пораст и социјален и културен прогрес.

Значајна област од приоритет на апликацијата на информатичко - комуникациско општество е електронското владеење. Кога го велам ова поаѓајќи од еден факт дека државите кои се членки на Г-8 имаат евидентирено електронска влада како еден од клучните приоритети во агендата на дејствувањето на земјите во развој.

Заснивајќи се воглавном во одлучувачката улога што таа може да ја одигра во развојот и проширувањето на технологиите на општеството. Многу развиени земји имаат воспоставено низа иницијативи на електронско општество и носат предности и придобивки. Додека нивото на развојот на овие држави кои се во развој каде учествува и нашата земја е низок. Ова е поврзано со низа фактори кои постојат како на пример инфраструктурата на информатичкото општество, потребното образование, законската регулатива, финансиските аспекти и други причини. Секако дека постои едно итно ниво на употреба на овие технологии во разни сектори како социјални, економски и свесно јавно размислување.

Ова го велам поаѓајќи од една изрека на еден познат економист кој вели: Земјите во развој не можат да се поткрепат само во нивниот развој во споредбените предности, како на пример, една ниска цена на суровината, работната сила и тн. Но, тие треба да ги прегрнат новите модели, иновации на развојот кој се засноваат во употребата на информатичкото општество и кои дозволуваат една примена и широка употреба на глобалните сознанија, еден бескраен свет, еден полесен пристап и побрз во глобалните арени.

Почитувани пратеници, секако пред нас имаме една Стратегија која е од големо значење и се надевам дека еден документ кој сите пратеници ќе го поддржат било од едното или од другото

крило и секако дека сите треба да се ангажираме како владини институции, но и ние како пратеници да го дадеме нашиот придонес за да имаме имплементација на оваа Стратегија односно Акциониот план. Ова го велам бидејќи електронската влада егзистира од употребата од страна на агенциите и владините институции на електронските инструменти, технологија, комуникација, информација за да се поддржи едно превентивно владеење и да се зајакнат постојните врски на Владата и заедницата и за да се помогне во создавање на релациите и новите партнерства на локално ниво, национално и меѓународно.

Трансформацијата на активностите и внатрешните роцеси на Владата конституира со измената на начинот на вршењето на должностите и процесите внатре во владиниот апарат. Се овозможува и остварувањето на една работна поврзана средина, создавање на фајлови и дата бази заеднички, еден тек на информации и податоци на полесен и побрз начин помеѓу внатрешните министерства, што секако претставува и ангажман и верзија на актуелната Влада. Ова го велам имајќи го предвид фактот дека ние на оваа седница на дневен ред го имаме законот за едношалтерски систем.

Преку употребата на информатичкото општество се овозможува поврзувањето на владините институции со надворешните актери од животната средина и со други владини агенции на локално и меѓулаокално нив. Партнерство и соработки можат да се остварат и на меѓународно ниво. На овој начин релациите, трансакциите и начинот на комуникацијата на Владата се менува значајно. Поврзаноста и трансформацијата на информациите, податоците и сознанијата се остварува на внатрешно и надворешно ниво и без оглед на дистанците и географските граници.

Во традиционалниот модел на владеењето, како што се случува и актуелно во нашата земја за најмала услуга граѓаните или бизнисот се принудени да чекаат во долги редици, да патуваат од едно во друго место, како и да се шетаат по разни канцеларии за една фирма или за една едноставна информација. Предизвикувајќи вака незадоволство, губење време и трошоци на поголемиот дел на граѓани, преку електронската влада како резултат на воспоставување на услуги и информации он лајн можностите на пристап до информации 24 часа дневно, остварувањето на побрзи трансакции се елиминира една низа проблеми кои се карактеризираат со традиционален модел и квалитетот на услугите ќе има пораст.

Електронската влада го покажува и нивото на транспарентност и истовремено според мое размислување ќе се намали и корупцијата, бидејќи информацијата е отворена и пристапна за сите. Се разбира за тој вид на информација која треба да им се даде на граѓаните. Преку интернет страниците може да се објават информации кои се поврзуваат со активностите на Владата, начинот на употреба на јавните фондови, можноста за вработување, давачките за приватни фирми и други податоци.

Комуникацијата во понатамошната постапка преку Владата и граѓаните придонесува во процесот на носење на одлуки преку директното учество на граѓаните во форуми и он лајт дискусии кои се создаваат во врска со прашања и разни политички одлуки и граѓански граѓаните можат да ги изразат своите желби и да го кажат нивниот збор.

Овде би сакал да цитирам еден цитат кој вели: "Зајакнувањето на врските меѓу Владата и граѓаните дозволува Владата да даде повеќе информатички извори, да има на располагање повеќе перспективи и решенија за да се соочат со предизвиците и разните економски социјални и политички проблеми".

Почитувани пратеници,

Република Македонија преку националната политика за информатичкото општество се вклучува во глобалните процеси на развојот. Секако дека оваа стратегија ќе се интегрира со други стратегии од развојот во нашата држава. Овој документ овозможува една поефиканса помош и користење на информатичкото општество и комуникатичкото со  сите субјекти во Република Македонија, со што ќе се стимулира конкуренцијата, транспарентноста и ефикасноста во работењето на Владата, како и учеството на граѓаните во изградбата на општеството. Затоа на крајот јас ќе кажам дека длабоко сум убеден и верувам дека оваа стратегија за информатичкото општество ќе се поддржи од сите пратеници и сите ќе го дадеме нашиот придонес оваа стратегија и овој акционен план да се имплементира до крај. Благодарам.

**ЉупчоЈордановски:** Благодарма господине Руастеми.

Повелете госпоѓице Грковска, имате збор.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе.

Нема дилеми дека кога зборуваме за тоа колку едно општество е развиено во суштина, зборуваме колку е развиено информатичкото општество. За жал до сега информационите технологии не се третирале како можност за развој, не се третирале како развојна стратегија. Имало обид да се направи нешто, компјутеризација, внесување на компјутери во училиштата, компјутеризација на јавната администрација, меѓутоа прашањето огички се наметнува дали е тоа доволно. Дали е доволно да имаме само компјутери секаде на оние места каде што сметаме и дека со тоа сме ја завршиле работата. Се разбира дека одговорот мора да биде негативен. Информатичката технологија сама  по себе не прави ништо, ниту пак може да биде дел самата од себа доколку не постои ваква стратегија која ќе овозможи правилна употреба и да се стави во функција и да биде средство за развој на едно општество.

Она што основно мислам дека треба да се направи е да се подготват луѓето, да се едуцираат за бенефитот што можат да го имаат од употребата на информационите технологии, без разлика дали зборуваме за градски или рурални средини, а тоа е исклучиво можно преку процесот на образование. За тоа се потребни наставни кадри кои ќе ја користат науката во наставата, потребни се нови наставни планови и програми, потребни се софтвери за секој предмет, потребни се основни услови за извршување и изведување на таква настава, потребен е практично компјутер на секое дете.

Сега прашањето е зошто е важно секое дете да има компјутер. Сигурно целта не е да го употребува наместо пенкало. Целта е да го употребуваат како средство со кое ќе размислуваат и евтино да ги употребуваат и за работење и за играње и за цртање и за пишување и за математика и за биологија и за секој друг предмет. Има уште милиони причини зошто на детето му треба компјутер и токму заради тоа на Светскиот економски кворум одржан во Швајцарија одржан во јануари 2005 година од страна на господинот Николас Неглопонте од ЕМАЈТИ Универзитетот беше промовирана иницијативата за еден лаптоп за секое дете. Станува збор за иницијатива, за конструирање на фулкалафул крин лаптот кој ќе чини 100 долари базиран на линук, кој ќе биде наменет за употреба во образованието, училиштата и со тоа би се направил обид да се револуционализира образованието на секое дете во светот.

Дискриминацијата на информационите и комуникациските технологии во нашето општество треба да помогнат да се етаблира разликата меѓу информацијата и знаењето. Не за џабе луѓето рекле дека со пари можете да купите книга, меѓутоа не и знаење. Ние сега се надеваме, таков е нашиот доскорешен прием во образованието дека информацијата што ја презентираме како наставници, наставен кадар ќе конвентира некако во знаење на слушателот без разлика дали е тоа ученик во основно, средно образование, или станува збор за студент на факултет. И уште повеќе дека тој ќе биде способен да ја применува за решавање на било која ситуација во животот и дека ќе може прагматично да ја применува. Значи до сега се приједува на надеж а факт е дека во суштина дека најголем дел од работите што ги учиме произлегуваат од природниот процес на учење, односно со соочување на различни ситуации односно искуствено преку истражување и тн. Тоа дава една нова димензија на образовниот процес особено ако имаме предвид дека употребата на информационите, комуникациските технологии во образованието овозможуваат токму ваков начин на учење.

Употребата на информационите и комуникациските технологии ја развијаме до степен кога бенифитот ќе биде очигледен за секој граѓанин тогаш можеме да бидеме сигурни дека сликата за нас во светот ќе биде сосема поинаква од денешната и дека ги имаме основните предусловиза развој на општеството кој во суштина се базира на размена на информации и на стекнување на знаење.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да пристапиме кон гласање.

(Пратеници влегуваат во салата).

Молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

(И понатаму претседателот повикува пратениците да влезат во салата и уште еднаш ги замолува службите да ги пребројат присутните пратеници).

Во салата се присутни 51 пратеник.

Ја прекунувам денешната седница, а за продолжението ќе бидете дополнително известени.

(Седницата прекина со работа во 17,20 часот).